# СОДРЖИНА


*РАБОТНИ ОДНОСИ*

- **Недела неработен ден.....................................................5**

*НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

- **Извршување на дополнителна работа кај втор работодавач.....................................................38**

*НЕСТОПАНСТВО*

- **Надоместоци од плата кај буџетските корисници, согласно законот за извршување на буџетот за 2022 година...........................53**

*ТРГОВИЈА*

- **Наплата на биоразградливи кеси за носење стоки............66**

*ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

- **Намалување на основна главнина на друштво (ДОО, ДООЕЛ и АД) според Законот за трговски друштва.........................................77**

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- **Плати за месец Јануари 2022 година…....…………………..….90**

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- **Коефициент на МДБ за Ноември 2021 година........... ......111**
- **Коефициент на МДБ за Декември 2021 година.................112**
- **Коефициент на пораст на цените за Ноември 2021..........113**
- **Коефициент на пораст на цените за Декември 2021.........115**
- **Цени на гориво..........................................................117**
- **Референтна каматна стапка за период од 01.01 до 30.06.2022 година............................................125**
- **Курсни листи ............................................................127**
- **Рокови за поднесување во Јануари 2022 година.............133**

*ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ*........................................137


**Прилог: Регистар за 2021 година за Деловни Информации**

# РАБОТНИ ОДНОСИ

*дипл.економист Ромео Костадинов*

## *НЕДЕЛА НЕРАБОТЕН ДЕН*

***Променети условите за работа во недела, за дејностите кај кои процесот не треба да се прекинува и кај трговијата на големо и мало, почнувајќи од 01.01.2022 година, со разлика во поглед на надоместокот за работа во недела.***

### *ВОВЕД*

Утврдување на недела како неработен ден е регулирано согласно Законот за работни односи ("Службен весник на РС Македонија" 62/05...267/20, 151/21) и Законот за Трговија ("Службен весник на РС Македонија" 16/04...77/21, 215/21) и подзаконски прописи од областа на ЗРО.

Многу истражувања го утврдуваат значењето на рамнотежата помеѓу професионалниот и приватниот живот, како неопходен елемент во животот на работникот, затоа што оваа рамнотежа придонесува работникот да биде поефикасен и мотивиран на работното место, а од друга страна да има и приватен живот - семеен и социјален, што ги задоволува неговите потреби и потребите на неговите блиски.

Тргнувајќи од наведените причини, како и во насока на следење на современите меѓународни трендови во трудовата област, се извршија измени во регулативата од ЗРО и трговија. **Неделата, како ден на неделен одмор** за сите, **со одредени исклучоци** кај работодавачи, **во дејностите,** каде работниот процес не дозволува да се направи прекин на работниот процес, е опфатена со измените стапувајќи во примена од 01.01.2022.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи и Законот за измена на Законот за трговија се врши имплементација на законски решенија за поголема заштита **на правото на неделен одмор во недела** и се елиминираат можните злоупотреби, во однос на обезбедување на користењето на ова право.

Законот за работни односи застранува во делот на основните постулати на правото, вградено и во Уставот, со кој нормативно се одлучува за забраните, а не за дозволени активности, од причина што секогаш постои можност нешто да се пропушти.

## *1. НЕДЕЛА НЕРАБОТЕН ДЕН СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ*

Согласно член 134 од Законот за Работни односи (***во продолжение ЗРО),*** работникот **има право на неделен одмор,** во траење од најмалку 24 часа непрекинато, плус 12 часа дневен одмор.

Со измената во делот на Неделен одмор, се утврдува дека **НЕДЕЛА Е ДЕН НА НЕДЕЛЕН ОДМОР.**

Истиот член се дополнува со нови ставови, со кои се предвидува **кај кои работодавачи од одделни дејности,** работниците можат да работат и во недела и дека за нив **ДЕН НА НЕДЕЛЕН ОДМОР ЌЕ БИДЕ ДРУГ ДЕН ВО НЕДЕЛАТА**.

### *1.1. Дејности кои можат да работат во НЕДЕЛА*

Согласно член 134 став 3 од Законот за Работни односи, за работниците кај работодавачите, кај кои **работниот процес е од таква природа што не може да се прекине,** поради техничко - технолошкиот процес и потребата од континуитет во работата, **ден на неделен одмор може да биде друг ден во неделата** и тоа во дејностите:

1. **Одгледување на животни;**
2. **Мешовито фармерство;**
3. **Вадење на јаглен и лигнит;**
4. **Вадење на руди на метал;**
5. **Печатење и издавање на весници;**
6. **Производство на леб, слатки во свежа состојба и бисквити;**

7. Производство на пиво, само во процесите поврзани со варење, квасна подготовка и сладење, ферментација, филтрирање и енергетска поддршка на овие процеси;
8. Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати;
9. Производство на плочи, листови, цевки и профили од пластични маси;
10. Производство на индустриски гас;
11. Производство на метали;
12. Аптеки;
13. Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација;
14. Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности на санација на околината;
15. Копнен, цевоводен, воден и воздухопловен транспорт;
16. Складирање и помошни дејности во превозот;
17. Објекти за сместување;
18. Дејности за подготовка на оброци и служење на храна;
19. Филмска дејност, дејности за видео и телевизиска програма,
20. Емитување на програма;
21. Телекомуникации;
22. Информативни услужни дејности (хостирање, обработка на податоци, интернет портали и слично);
23. Прикажување на филмови;
24. Фотографски дејности;
25. Ветеринарни дејности;
26. Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на моторни возила;
27. Дејности на приватна заштита и услуги на заштита со помош на сигурносни системи;
28. Дејности на повикувачки центри;
29. Општи дејности на јавната управа, само за итни и неодложни работи, поврзани со одржување на седници, инспекциски надзори, а кои работи се од витално значење за државниот и јавниот интерес;
30. Работи на одбраната;

**31. Судски и правосудни дејности;**
**32. Работи на јавниот ред и безбедноста;**
**33. Дејности на пожарникарската служба;**
**34. Дејности за здравствена заштита;**
**35. Дејности на социјалната заштита со сместување;**
**36. Креативни, уметнички и забавни дејности;**
**37. Дејности на музеите,**
**38. Дејности на зоолошки градини и природни резервати;**
**39. Спортски, забавни и рекреативни дејности;**
**40. Погребни и слични дејности;**
**41. Царинска служба на гранични премини;**
**42. Дејности кои имаат карактер на помошни или придружни дејности со цел непречено функционирање на дејностите од овој став, врз основа на склучен договор со работодавачот од дејностите од овој став и**
**43. Работни места од други дејности, кои не се опфатени со овој став, а имаат карактер на помошни и придружни работи за непречено извршување на основната дејност на работодавачот.**

### *1.1.1. Определување на помошни или придружни дејности на основната дејност и определување на работни места во дејности, кои имаат карактер на помошни и придружни активности*

Согласно **Правилникот за определување на помошни или придружни дејности на основната дејност на работодавачот и определување на работни места во дејности кои имаат карактер на помошни и придружни работи на основната дејност на работодавачот ("Службен весник на РСМ" 299/21), се определуваат** дејностите, кои имаат карактер на помошни или придружни дејности за непречено функционирање на основната дејност, која ја врши работодавачот и истите се извршуваат согласно однапред склучен договор за деловно-техничка соработка помеѓу работодавачите, како и работните места кои имаат карактер на помошни и придружни работи за непречено извршување на основната дејност на работодавачот.

**Помошни и придружни дејности**, се оние дејности со кои врз основа на договор за деловно-техничка соработка се опслужува работењето на работодавачот, кај кој работниот процес не може да се прекине и има потреба од континуитет во работата.

**Работни места** кои имаат карактер на помошни и придружни работи за непречено извршување на основната дејност на работодавачот, во смисла на правилникот, се оние работни места, без чие континуирано одвивање на работите, може да дојде до прекин или нарушување на техничко-технолошкиот процес и/или може да има влијание врз квалитетот и безбедноста на производот, односно може да предизвика дополнителен ангажман на човечки и материјални ресурси или трошоци за повторно враќање во потребниот оптимален режим на работа, на работниот процес во целина.

**При определување на работните места, се зема во предвид следното:**

- **Работните места да не се составен дел од главниот работен процес,** преку кој се остварува основната дејност на работодавачот и да се неопходни за непречено одвивање на главниот работен процес во останатите денови од неделата и со кои би се избегнале значителни штети врз безбедноста и здравјето на луѓето или животната средина (*обезбедување на имотот и средствата за работа, одржување и следење на состојбата на средствата за работа и слично*),
- **Работните места да се засебни во рамките на главниот работен процес,** а без чие непречено функционирање не би можел да се одвива главниот работен процес во останатите денови од неделата, доколку со прекин на работите на тие работни места, значително би се влијаело врз квалитетот на крајниот производ, односно во остварувањето на главниот работен процес (*термичка обработка и складирање на репроматеријали и суровини, континуитет во дел од производствен процес за делумна обработка и подготовка на процесот за останатите денови од неделата и слично)* и
- **Работните места да се придружни работи во работниот процес**, да се дел од главниот работен процес и/или да се реализираат со користење на информациско-комуникациски технологии, од чие непречено одвивање

зависи непрекинатото обезбедување на услуги од страна на работодавачот, во рамки на неговата основна дејност *(надзор и одржување на ИТ системи, преку кои се реализираат финансиски трансакции, обезбедување на грижа за корисници и слично).*

Работните места, се утврдени во актот за систематизација на работните места и во изјавата за безбедност и здравје при работа, со проценката на ризик за секое работно место кај работодавачот.

За работните места, работодавачот определува само неопходен број на работници за реализација на работите, кои не треба да се прекинат и ја образложува причината за неопходноста од нивното ангажирање, при доставување на известувањето за вршење на работа во недела до Државниот инспекторат за труд, а работодавачот известувањето го доставува најдоцна пет дена од денот на склучувањето на договорот за деловно-техничка соработка.

**НАПОМЕНА: Работниците кај работодавачите од трговија на мало и трговија на големо, денот на неделен одмор, го користат во согласност со Законот за трговија.**

### *1.2. Работа во недела во случај на природна и друга несреќа*

Во случај на природна и друга несреќа или хаварија и спречување на последиците од нив или кога таква несреќа непосредно се очекува, на барање на работодавачот, **работникот е должен да работи во недела,** заради заштита на животот и здравјето на луѓето и спречување на непоправлива материјална штета.

### *1.3. Додаток на плата за работа во недела*

Работникот од наведените дејности, **покрај правото на додаток на плата** за работа во недела, **има право и на користење на неделен одмор во наредните седум (7) дена.**

Додатокот на плата за работа во недела **изнесува најмалку 50% за секој час поминат на работа,** доколку со закон и колективен договор, не е утврден повисок износ на додатокот.

**НАПОМЕНА: Додатокот на плата за работа во недела се исплатува САМО НА РАБОТНИЦИТЕ КОИ РАБОТЕЛЕ ВО НЕДЕЛА и тоа само кај работодавачите чии дејности се наведени, а за другите дејности е забрането работниците да работат во недела.**

### *1.4. Обврска на работодавачот за известување за работа во недела*

Согласно законот за работни односи, работодавачот кој има право да **РАБОТИ ВО НЕДЕЛА,** е должен:

- Пред започнувањето на работата, **да го извести Државниот инспекторат за труд;**
- **На работникот да му исплати ДОДАТОК НА ПЛАТА и**
- **На работнокот да му даде ДЕН НА НЕДЕЛЕН ОДМОР во наредните седум дена.**

Покрај тоа за дејностите **кои имаат карактер на помошни или придружни дејности со цел непречено функционирање на наведените дејности, врз основа на склучен договор со работодавачот и за работните места од други дејности, а имаат карактер на помошни и придружни работи за непречено извршување на основната дејност на работодавачот,** Министерот надлежен за работите од областа на трудот, со подзаконски акти, ќе ги дефинира помошните дејности придружните дејности.

### *1.5. Начин на Известување за вршење на работа во недела*

Начинот на известување за вршење на работа во недела, е регулирано согласно Правилникот за формата, содржината и начинот **на известувањето за вршење на работа во недела** ("Службен весник на РС Македонија" 299/21), кое известување се доставува во писмена или во електронска форма до Државниот Инспекторат на труд на следната e-mail адреса: **rabotavonedela@dit.gov.mk** или во подрачните одделенија на ДИТ, како и во седиштето на ДИТ на Бул. "Партизански оддреди" бр. 48а, Скопје.

Прилог

ИЗВЕСТУВАЊЕ

за вршење на работа во недела

| А. ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТОДАВАЧ | |
|---|---|
| Назив на работодавач: | |
| Седиште на работодавач: | |
| Даночен број: | |
| ЕМБС: | |
| Дејност на работодавач (Главна приходна шифра): | |
| Б. Податоци за одговорно лице кај работодавачот | |
| Име и презиме: | |
| Адреса на живеење или престојување: | |
| В. Податоци за работниот процес | |
| Место на вршење на работниот процес: | |
| Опис на работниот процес: | |
| За член 134 став (3) алинеи 42 и 43 од Законот за работните односи | |
| Алинеја 42 | Алинеја 43 |

| | |
|---|---|
| Број и датум на склучен договор за техничка соработка за вршење на придружни и помошни дејности: | Назив на работни места и број на извршители:<br><br><br><br>Опис на работите од наведените работни места со образложение за причините за работното ангажирање:<br><br><br><br>Работното време во кое ќе се извршуваат работите од наведените работни места: |

| | |
|---|---|
| | |

(Потпис)

Согласно член 259-б од Законот, ако инспекторот на трудот, при инспекцискиот надзор, **констатира дека кај работодавачот работи работник во недела,** спротивно на член 134 од Законот, **со решение ќе му забрани на работодавачот вршење на работа** во работната просторија или работниот простор, каде е утврдена неправилноста, **во траење од 15 дена, ќе му издаде прекршочен платен налог**.

Ако работодавачот **не го прифати прекршочниот платен налог** или не го плати, надлежниот инспектор ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, согласно Законот за прекршоците, ако работодавачот го повтори прекршокот, Испекторот со Решение ќе му забрани вршење на работа во работната просторија или работниот простор, каде е утврдена неправилноста, **во траење од 30 дена** и ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, согласно Законот за прекршоците.

За време на забраната за работа, работодавачот е должен на работниците **да им исплатува надомест на плата во висина од исплатената плата на работникот во претходниот месец** и **придонеси од плата** и за време на забраната **не смее да го намали бројот на вработените**.

Против решенијата, може да се изјави **жалба во рок од 15** дена од денот на приемот на решението, до органот надлежен за одлучување во втор степен, согласно закон.

**Жалбата не го одлага извршувањето на решението.**

Овластените службени лица, се должни **да водат евиденција** за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

Во евиденцијата, се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот,

- ✓ ***Живеалиште, односно престојувалиште,***
- ✓ ***Седиште,***
- ✓ ***Вид на прекршокот,***
- ✓ ***Број на прекршочниот платен налог кој му се издава и***
- ✓ ***Исходот на постапката.***

Личните податоци, **се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.**

## *2. РАБОТА ВО НЕДЕЛА И ПРАЗНИЦИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА*

### *2.1. Работно време во трговија на мало и големо*

Измената во делот на работното време се однесува на додавање на нов член 25, со кој се уредува работното време во трговијата во недела и на празници, заедно со утврдување на исклучоците во трговијата на мало, за кои **ќе биде дозволено работа во ден недела и на празници.**

Согласно новиот член 25 од Законот за трговија, **трговецот на големо и трговецот на мало, го утврдува работното време, зависно од бројот на вработените на:**

- ✓ **Продавниците,**
- ✓ **Киосците,**
- ✓ **Автоматите,**
- ✓ **Штандовите,**
- ✓ **Зелените пазари,**
- ✓ **Магацините,**
- ✓ **Складовите,**
- ✓ **Деловните простории,**
- ✓ **Продавниците, штандовите и киосците во трговските центри (молови) и**
- ✓ **Бензинските станици.**

Должината и распоредот на работното време, **што трговецот го утврдил, треба да се усогласат со правата, обврските и одговорностите на вработените,** утврдени со прописите од областа на работните односи.

Усогласеноста е особено во поглед на **распоредувањето на работното време и прекувремената работа, ноќната работа, дневниот, неделниот и годишниот одмор и другите отсуства од работа** и во согласност со ограничувањата, утврдени со прописите од областа на заштита од бучава.

**НАПОМЕНА: Продавниците што се наоѓаат во колективни станбени згради и деловно станбени згради, не можат да почнат со работа пред 06,00 часот и мора да завршат со работа до 23,00 часот.**

***2.2. Забрана за работа во недела, државени празници и празници и исклучок од забраната***

Согласно член 25 од Законот за **трговија на големо и трговија на мало, трговски дејности НЕ МОЖЕ да се вршат во недела, како и на државни празници и други празници, кои се определени како неработни денови, согласно закон.**

По исклучок од одредбата, за забрана за работа во недела и државни и други празници и за **НЕДОЗВОЛУВАЊЕ ЗА ОБАВУВАЊЕ** на трговија на големо и мало во **НЕДЕЛА** и **ДРЖАВНИ ПРАЗНИЦИ**, трговијата на мало, **може да се врши:**

1. **Во специјализирани продавници** или киосци за продажба на сладолед, колачи и апетисани, цвеќиња, сувенири, филигранство, весници и цигари, **во туристичките места,** утврдени со Законот за туристичка дејност;
2. **Во продавниците на бензински станици,** во чии рамки се врши трговија на мало, претежно со храна, пијалоци и тутун;
3. **Во продавници, киосци** и штандови во трговските центри (молови), кои имаат минимална ефективна површина за трговија на мало **од 8.000 м2;**
4. **На штандови и киосци** каде што се продаваат добра за време на спортски настани, фестивали и манифестации, саеми и за време на јавната проекција на кинематографски дела;
5. **Во продавници за трговија на мало со храна** (без зеленчук и овошје), пијалоци и тутун, во кои трговијата се врши лично, само од сопственикот на продавницата и
6. **На зелени пазари.**

**НАПОМЕНА: За работниците кај трговците на мало од ТОЧКА 1 до 6, <u>ден на неделен одмор, може да биде</u> друг ден во неделата, согласно закон.**

Наведените ќе можат да обавуваат трговска дејност во недела, **за време на државен или друг празник, за разлика од сите други, кои немаат право на работа во недела,** државен или друг празник.

За работниците кои ќе работат во недела, **ден на неделен одмор може да биде друг ден во неделата.**

Согласно Законот за работни односи работникот, денот на неделен одмор, ќе го користи во наредните 7 дена.

Согласно законот за трговија, **додатокот на плата за работа во недела и на празници, изнесува најмалку 100%, за секој час поминат на работа.**

### *2.3.1. Известување за вршење на трговија на мало во недела, како и на државен празник и други празници, кои се определени како неработни денови и пријава на работно време*

Согласно последната објава на Законот за измени и дополнување на Законот за трговија ("Службен весник на РС Македонија" 295/21), трговијата на мало не може да се врши во недела, како и на државни празници и други празници, освен кај исклучоците опфатени во став 5 на член 4 од законот за трговија.

Под државни празници и други празници се мисли на членот 2 од Законот за празниците на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" 21/98 и 18/07).

**За државни празници се сметаат:**

- **24 Мај**, "Св. Кирил и Методиј", Ден на сесловенските просветители;
- **2 Август**, Ден на Републиката;
- **8 Септември**, Ден на независноста;
- **11 Октомври**, Ден на народното востание;
- **23 Октомври**, Ден на македонската револуционерна борба и
- **8 Декември**, "Св. Климент Охридски"

**За празници се сметаат**:

- **1 Јануари**, Нова година;
- Божик, првиот ден на Божик, **7 јануари** според православниот календар;
- Велигден, вториот ден на Велигден според православниот календар;
- 1 Мај, Ден на трудот и
- Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам

**НАПОМЕНА: Доколку празниците паѓаат во НЕДЕЛА, наредниот ден се смета за неработен.**

Согласно член 4 од законот за празници, во РС Македонија, се празнуваат и неработни денови за:

- **Верниците од православната вероисповед, кои спаѓаат:**
  - Бадник, ден пред Божик ;
  - 19 Јануари, Богојавление (Водици);
  - Велики Петок, петок пред Велигден;
  - 28 Август, Успение на Пресвета Богородица (Голема
  - Богородица); и
  - Духовден, петок пред Духовден.
- **<u>За граѓаните од православна вероисповед за 2022 се следните денови:</u>**
  - 06 јануари (четврток), Бадник, ден пред Божик,
  - 19 јануари (среда), Богојавление (Водици),
  - 22 април (петок), Велики Петок, петок пред Велиг-ден,
  - 10 јуни (петок), Духовден, петок пред Духовден,
  - 28 август (недела), Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица).
- **<u>За граѓаните од католичка вероисповед</u>**
  - 18 Април (понеделник), Велигден, вториот ден на Велигден,
  - 01 ноември (вторник), Празникот на сите светци,
  - 25 декември (недела), првиот ден на Божик.
- **<u>За граѓаните од муслиманска вероисповед</u>**
  - 09 Јули (сабота), Курбан Бајрам, првиот ден на Курбан Бајрам,
- **<u>За граѓаните припадници на албанската заедница во РСМ</u>**
  - 22 ноември (вторник), Ден на Албанската азбука,
- **<u>За граѓаните припадници на српската заедница во РСМ</u>**
  - 27 јануари (четврток), Свети Сава,
- **<u>За граѓаните припадници на ромската заедница во РСМ</u>**
  - 08 април (петок), Меѓународен ден на Ромите,

- **<u>За граѓаните припадници на влашката заедница во РСМ</u>**
  - 23 мај (понеделник), Национален ден на Власите,
- **<u>За граѓаните припадници на еврејската заедница во РСМ</u>**
  - 5 октомври (среда), Јом Кипур, првиот ден на Јом Кипур,
- **<u>За граѓаните припадници на бошњачката заедница во РСМ</u>**
  - 28 септември (среда), Меѓународен ден на Бошњаците,
- **<u>За граѓаните припадници на турската заедница во РСМ</u>**
  - 21 декември (среда), Ден на настава на турски јазик.

**НАПОМЕНА: Согласно одредбата на членот 4 од Законот за празници, сите работодавачи кои вршат дејност, трговија на големо и мало, МОЖАТ ДА РАБОТАТ на Верски и Национални празници и ИМААТ ПРАВО НА НАДОМЕСТ на плата односно зголемена плата во согласност со Закон и Колективен дог-вор.**

### *2.3.2. Обврски на работодавачот за работа во недела*

Трговецот кој согласно Законот за трговија, има право да работи во недела и на државни празници, должен е :

- **Да го пријави работното време во Централниот регистар** на РС Македонија, **најмалку 15 дена пред почетокот на работењето, односно пред измената на часот на почетокот и часот на завршувањето на работното време, времето за пауза и распоредот на работното време.**
- Продавниците на бензински станици, во чии рамки се врши трговија на мало претежно со храна, пијалоци и тутун и продавниците, киосци и штандовите во трговските центри (молови), кои имаат минимална ефективна површина за трговија на мало од 8.000 м2**, работното време за работа во недела, како и на државни празници и други празници,** треба да го пријават во Централниот регистер на РС Македонија до 5-ти јануари, во тековната година.

- Потврдата од Централен регистер се доставува за евиденција во Државниот пазарен инспекторат и Државниот инспекторат за труд.
- **Трговија на големо не смее да се врши во недела, како и на државни празници и други празници.**

### *2.3.3. Утврдување надоместок (два проценти) за вршење на трговија на мало во недела и на државни празници и други празници, кои се определени како неработни денови*

Согласно последната објава на Законот за измени и дополнување на Законот за трговија ("Службен весник на РС Македонија" 295/21),

- **Продавниците на бензиски станици во чии рамки се врши трговијата на мало, претежно со храна, пијалоци и тутун и**
- **Продавници, киосци и штандови во трговските центри, кои имаат минимална ефективна површина за трговија на мало од 8.000 м2,**

за да можат да работат во недела, како и на државни празници и други празници, најпрво **треба до 5 јануари во тековната година да го пријават работното време на Централниот регистер на РС Македонија** (ЦРРСМ).

Потврдата од пријавеното работно време, издадена од ЦРРСМ, за евиденција се доставува до Државниот пазарен инспекторат и Државниот инспекторат за труд.

Втората постапка пред да се започне со работа во недела, како и на државни празници и други празници е уплата **до 15 јануари во тековната година, на надоместок во висина од 2% од вкупниот приход,** остварен во претходната година. Средствата од уплатата ќе се инвестираат во детски градинки согласно закон.

Со оглед дека примената на оваа одредба е **од 1 јануари 2022 година,** надоместокот **во висина од 2% ќе се смета од вкупниот приход остварен во ден недела, како и на државни празници и други празници во 2022 година**.

Уплатата **ќе се изврши на образец (ПП50), до 15 јануари 2023 година**.

### 2.3.4. Утврдување на туристички места за вршење на дејност и работа во недела

Согласно последната објава на Законот за измени и дополнување на Законот за трговија (“Службен весник на РС Македонија” 295/21), **трговијата на мало во недела, како и на државни празници и други празници, може да се врши во**:

- **Специјализирани продавници или киосци за продажба на сладолед, колачи и апетисани, цвеќиња, сувенири, филигранство, весници и цигари, во туристичките места, утврдени со Законот за туристичка дејност.**

Овие трговци може да работат во недела, како и на државни празници и други празници, **во период од осум часа што самите ќе го утврдат.**

Согласно Законот за туристичка дејност:

**“Туристичко место**” претставува подрачје или дестинација кое како организациона и функционална туристичка целина располага со природни, културни, историски и други знаменитости од значење за туризмот, комунална, сообраќајна и туристичка инфраструктура, како и објекти и други содржини за сместување и престој на туристите.

**Туризмот** е стопанска гранка која го опфаќа привременото патување на луѓето од едно до друго место, заради задоволување на културни, рекреативни, здравствени и други потреби.

**Развојот** на туризмот зависи од повеќе природно – географски, антропогени и материјални фактори.

**Природно – географските** туристички мотиви ги опфаќаат: Релјефните одлики, климатските прилики, хидрографските услови, растителниот и животинскиот свет.

**Антроподените фактори** ги опфаќаат културно – историските споменици (археолошки наоѓалишта, сакрална архитектура, споменици), етносоцијалните (духовна и материјална култура), манифестациските вредности (разни културно – просветни и забавни манифестации).

Во РС Македонија се присутни скоро сите услови, како фактори за разој на туризмот.

**Како најзначајни туристички места се сметаат:**

## 1. ЕЗЕРСКИ ТУРИСТИЧКИ МЕСТА

Езерски туристички места во Република Северна Македонија се **Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро**. Тие имаат чиста и релативно топла вода, пријатна за капење. Покрај нив се изградени поголем број туристички објекти (хотели, мотели и ресторани) во Охрид, Струга, Дојран и Преспа.

## 2. ПЛАНИНСКИ ТУРИСТИЧКИ МЕСТА

Планински туристички места во РС Македонија има повеќе. Најпривлечни и најразвиени се: **Попова Шапка** на Шар Планина, **Маврово** на Бистра, **Нижеполе и Копанки** на Пелистер, **Крушево** на Бушева Планина и **Пониква** на Осоговските Планини.

Тие имаат услови за летен рекреативен, зимско-спортски и за ловен туризам. Во некои од нив се присутни карактеристични населби како што се: Галичник кој е познат по манифестацијата Галичка свадба, Крушево како највисок град на Балканот, со мошне пријатна клима, Маврово како комбиниран зимско-спортски и езерски центар.

## 3. РУРАЛЕН И АЛТЕРНАТИВЕН ТУРИЗАМ

Според „(WTO)„ Светска туристичка организација, поимот „Рурален Туризам„ се користи тогаш кога руралната култура е клучна компонента на производот и понудата на дестинацијата.

Како издвоени примери за развиен рурален туризам во Република Северна Македонија, можат да се наведат: **Берово, Брајчино и Вевчани.**

## 4. СКОПЈЕ КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА

Имајки предвид дека Скопје е главна туристичка дестинација, согласно бројот на туристи во Република Северна Македонија, како најатрактивни туристички места во Скопје може да се одвојат: **Старата Скопска Чаршија, Скопскиот плоштад, Кањонот Матка и Скопското Кале.**

**5. СТАРИ ЧАРШИИ КАКО ТУРИСТИЧКА АТРАКЦИЈА**

Имајки предвид дека во РС Македонија, речиси во сите поголеми градови имаат чаршии, кои се атрактивни како за домашни така и за странски туристи, може да се одвојат за најзначајни и тоа: **Старата Скопска Чаршија, Охридската, Струшката, Битолската и Прилепската Чаршија.**

## *3. ГЛОБИ И ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ*

### *3.1. Глоби за непочитување на одредбите за работа во недела*

Глоба за непочитување на одредбите од Законот за трговија **за работа во ден недела за правно лице**:

- **Микро трговец е од 800 до 1.000 евра;**
- **Мал трговец е од 1.600 до 2.000 евра;**
- **Среден трговец е од 3.000 до 6.000 евра;**
- **Голем трговец е од 7.000 до 10.000 евра.**

Глоба за непочитување на одредбите за одговорното лице во правното лице: **за работа во ден недела за правно лице**:

- **Микро трговец е од 50 до 100 евра;**
- **Мал трговец е од 100 до 200 евра;**
- **Среден трговец е од 200 до 350 евра;**
- **Голем трговец е од 350 до 500 евра.**

### *3.2. Прекршочни санкции за трговците*

Ако инспекторот на трудот при инспекцискиот надзор, кон статира дека кај работодавачот работи работник во недела и на празници, спротивно на членот 25 од Законот за трговија, со ре шение на работодавачот ќе му:

- **Забрани вршење на работа во работната просторија или Работниот простор, каде е утврдена неправилноста, во траење од 15 дена,**
- **Издаде прекршочен платен налог**.

Ако работодавачот не го прифати прекршочниот платен налог или не плати, надлежниот инспектор ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, согласно со Законот за прекршоците.

Ако работодавачот го повтори прекршокот, **инспекторот со решение ќе му:**

- **Забрани вршење на работа во работната просторија или работниот простор, каде е утврдена неправилноста, во траење од 30 дена и**
- **Поднесе барање за поведување на прекршочна постапка согласно со Законот за прекршоците.**

  За време на забраната за работа, работодавачот е:
- **Должен на работниците да им исплатува на доместок на плата во висина од исплатената плата на работникот во претходниот месец и придонеси од плата и за време на забраната не смее да го намали бројот на вработените.**

Против решенијата дозволена е **Жалба,** која **не го одложува извршувањето** на решението.

Сите трговци кои досега имале регистрирано работно време во ЦРСМ, а на кои им е забрането работа во **недела** и на празници, потребно е да извршат промена на работното време во ЦРСМ.

## *4. ПРЕСМЕТКА НА ДОДАТОЦИ И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА ЗА РАБОТА ВО НЕДЕЛА И ДРЖАВНИ ПРАЗНИЦИ*

### *4.1. Плаќање на работата*

Согласно член 106 од ЗРО, платата на работникот, е составена од:

- **Основната плата,**
- **Дел од платата за работната успешност и**
- **Додатоци на плата, ако со друг Закон поинаку не е определено**.

**Основната плата** се определува земајќи ги предвид барањата на работното место, за кое работникот го склучил договорот за вработување.

**Работната успешност** на работникот се определува земајќи ги предвид домаќинскиот однос, квалитетот и обемот на вршењето на работата, за којашто работникот го склучил договорот за вработување.

**Додатоците с**е определуваат за посебните услови при работа, кои произлегуваат од распоредот на работното време и тоа за работа во смени, работа во поделено работно време, ноќна работа, работа на дежурство, согласно закон продолжена работа, работа во работа во ден на неделен одмор, работа во празници определени со закон и додаток за работен стаж.

### *4.1.1. Додатоци на плата*

Додатоците од плата како право, се составен дел на платата на работникот и се регулирани согласно Законот за Работни односи („Службен весник на РМ" 62/05…267/20; 151/21; 288/21), додека висината односно (***процентот на зголемувањето на платата***) за одделни надоместоци, се утврдени согласно Општите колективни договори и тоа:

- Општ колективен договор за Приватен сектор од областа на стопанството, („Службен весник на РМ" 115/14; 119/15;150/16),
- Општ колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија („Службен весник на РМ" 10/08; 122/08; 85/09), и
- Важечките грански колективни договори.

### *4.1.2. Додатоци на плата согласно Општиот колективен договор за приватен сектор*

Согласно член 23 од ОКДПС, основната плата на работникот се зголемува кога работникот работи во услови потешки од нормалните за определено работно место, **а особено:**

- **Работни задачи во чие извршување работникот е изложен на неповолните влијанија на околината** ***(чад, саѓи, топол пепел, прашина, влага, високи, односно ниски температури, бучава, блескава вештачка светлина, работа во темни простории или во простории со несоодветно обоено светло);***

- **При работни задачи во кои согласно прописите, работникот употребува заштитни средства како што се: заштитни чевли, гас маски, маски против прав, уреди за доведување свеж воздух или други заштитни средства;**
- **Работи при кои работникот е изложен на посебни опасности (*пожар, вода, експлозија).***

Со колективен договор на ниво на дејност, односно на ниво на работодавач, се утврдуваат потешките услови за работа од нормалните за одделни работни места и износот на зголемувањето по тој основ не зависи од висината на платата на работникот, туку се утврдува во единствен износ за сите работници, што работат во тие потешки услови на работа.

Со колективен договор на ниво на работодавач, со методологија, се вреднуваат потешките услови за работа од нормалните за одделни работни места.

Согласно член 24 од ОКДПС, **основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:**

- **Прекувремена работа 35%**
- **Работа ноќе 35%**
- **Работа во три смени 5%**
- **Работа во ден на неделен одмор 50%**
- **За работа во денови на ПРАЗНИЦИ, НЕРАБОТНИ денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа зголемена *за 50%.***

**Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.**

Правото на зголемена плата по основа на работа во три смени, работникот го остварува само за деновите кога работникот **работи во втора и трета смена.**

**Основната плата** на работникот **се зголемува за 0,5%** за секоја година работен стаж.

### 4.2. Надоместок на плата

Покрај додаток на плата, работникот **има право и на надоместок на плата, кога треба да работи на празник.**

Ова право произлегува од член 148 од ЗРО, каде што е наведено дека работникот има право да отсуствува од работа со надомест на плата за празниците на РМ, кои што се определени како слободни денови од работа и за другите со закон определени слободни денови.

Висината на надоместокот на плата е уредено со член 112 од ЗРО, согласно кој надоместокот на плата **е во висина од просечната плата на работникот од последните 12 месеци**, а доколку во тој период не примил плата, во висина на најниската **плата (минималната плата).**

Надоместокот на плата со ОКДС е предвиден во иста висина како и ЗРО, а со ОКДЈС, надоместокот на плата за празник е во висина на просечната плата на работникот во последните три месеци.

За разлика од надоместокот на плата, правото на додатокот за работа на празник, работникот го остварува без оглед дали празникот паѓа во работен или неработен ден за работникот.

#### 4.2.1. Работа во недела

Согласно член 134 од Законот за работни односи, работникот има право на неделен одмор, во траење од најмалку 24 часа непрекинато, **плус 12 часа дневен одмор.**

Ден на неделен одмор по правило е недела или друг ден во неделата, зависно од распоредот на работното време на конкретниот работник **(некои лица работат во сабота и недела, но на пример, среда и четврток им се сметаат за неделен одмор),** ден на неделен одмор по правило е неделата или друг ден.

#### 4.2.2. Работа на празник кој се паѓа во работен ден

Кога работникот треба да работи на празник во работен ден **(празник согласно член 2 од Законот за празниците**), согласно ЗРО, ОКДПС има право на: **НАДОМЕСТ на плата за празник** (како и сите вработени кои не работат тој ден) и дневница за работа на тој ден, зголемена **за 50% (ЗРО и ОКДПС).**

| | |
|---|---|
| ➢ **Дневница зголемена за** | **50%** |
| ➢ **Надомест на плата во висина на една дневница** | **100%** |
| **ВКУПНО:** | **150%** |

Кога работникот треба да работи во работен ден, кој е празник, согласно член 4 од Законот за празниците, односно празници за одделна етничка популација, работникот исто така ќе добие покрај дневница **зголемена за 50%,** и **НАДОМЕСТ на плата во висина на 100% или вкупно 2,5 дневници (250%), за работа** ***на празник во недела.***

Кога работникот работи на празник кој е недела, тој **има право на надоместок на плата за празник.**

Денот кога работникот го остварува правото на неделен одмор, не е платен, односно не се исплаќа плата, па затоа не се исплаќа ниту надоместок на плата, затоа што правата ги остварил во неделата кога работел.

Значи, ако **празникот паѓа во недела** (по член 2 од ЗП), работникот во приватниот сектор ќе добие додаток за недела и празник и дневница или вкупно **2 дневници (200%**).

### *4.2.3. Работа на празник кога празникот паѓа во недела, а понеделникот е неработен ден*

Како што наведовме, доколку работникот работел во недела во која се паѓа некој од празниците определени во член 2 од ЗП, тој ден **треба да му се плати на работникот како работа во недела и на празник 150% (ОКДС**).

На работник кој што **работел во понеделник, поради тоа што празникот паднал во недела и понеделникот се смета за неработен ден** согласно со ЗП, работењето во понеделник на работникот треба да му се плати како работа на празник.

Во овој случај покрај **празничната дневница од 150%** (ОКДС), работникот има **право и на надоместок на плата во висина на една дневница**, ако понеделникот е работен ден на работникот во редовни услови, односно **вкупно 250% (ОКДС**).

Доколку истиот работник треба да работи и во недела и во понеделник, тогаш само едниот ден (понеделник) треба да се плати како работа на празник, а неделата како работа во недела.

#### *4.2.4. Работа во ден кој се празнува и е неработен ден за одделна етничка популација*

Согласно член 5 од Законот за празниците, во неработните денови **(државни празници, празници и денови кои се празнуваат и се неработни за одделна етничка популација),** работникот има право на надомест на плата, односно зголемена плата во согласност со закон и колективен договор.

Согласно овие одредби доколку работник – припадник на одделна етничка популација работи на ден, кој се празнува и е **неработен ден** за него (не е недела), има право на зголемена плата.

На работникот за тој ден треба да му се исплати зголемена дневница **за работа на празник за 50% и надоместокот на плата,** односно вкупно дневницата за тој ден треба да изнесува **250%** (**Надомест на плата 100%, Дневница 100% и 50% Додаток за работа на празник,** согласно ОКДС/ОКДЈС).

Доколку работникот работи на празник кој паѓа **во недела** (празник согласно член 4 од Законот за празниците, односно празници за одделна етничка популација), работникот **ќе добие дневница зголемена за 50%** за работа на празник, **50% додаток** за работа **во недела**, односно, **вкупно 200%** (ОКДС).

## *5. ПРЕСМЕТКА НА ДОДАТОК НА ПЛАТА ЗА РАБОТА ВО НЕДЕЛА И ПРАЗНИЦИ*

### *5.1. Пресметка на додаток на плата за работа во недела и празници, согласно Законот за РАБОТНИ ОДНОСИ*

Работникот од наведените дејности, од членот 134 став 3 од Законот, покрај правото на додаток на плата за работа во недела, **има право и на користење на неделен одмор во наредните седум дена.**

Додатокот на плата за работа во недела, **изнесува најмалку 50% за секој час поминат на работа,** доколку со закон и колективен договор, не е утврден повисок износ на додатокот.

**Пресметка на плата за работа во НЕДЕЛА**

| | |
|---|---|
| 1. Бруто плата за I/2022 г. | 30.000 |
| 2. Можен бр. на часови | 168 |
| 3.Бруто плата по час (30.000 : 168 =178) | 178 |
| 4. Работа во недела | 8 ч |
| **5. Додаток за работа во недела (8 x 178=1.424 x 50%=712)** | **712** |
| 6. Додаток за работен стаж за 20 г. (30.000 x 0,5% x 20г) | 3.000 |
| **7. Вкупно бруто плата (1+5+6)** | **33.712** |

**Пресметка на плата за работа во НЕДЕЛА И НОЌЕ**

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата за I/2022 г.** | **30.000** |
| 2. Можен бр. на часови | 168 |
| 3.Бруто плата по час (30.000 : 168 =178) | 178 |
| 4. Работа во недела | 8 ч. |
| **5. Додаток за работа во недела (8 x 178=1.424 x 50%=712)** | **712** |
| 6. Работа ноќе | 8 |
| **7. Додаток за работа ноќе (8 x 178=1.424 x 35%=498)** | **498** |
| 8. Додаток за работен стаж за 20 г. (30.000 x 0,5% x 20г) | **3.000** |
| **9. Вкупно бруто плата (1+5+7+8)** | **34.210** |

**Пресметка на плата за работа во НЕДЕЛА И ПРЕКУВРЕМЕНО**

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата за I/2022 г.** | **30.000** |
| 2. Можен бр. на часови | 168 |
| 3.Бруто плата по час (30.000 : 168 =178 | 178 |
| 4. Работа во недела | 8 ч |
| **5. Додаток за работа во недела (8 x 178=1.424 x 50%=712)** | **712** |

| | |
|---|---|
| 6. Прекувремена работа | 8 |
| **7. Додаток за прекувремена работа** | |
| **(8 x 178=1.424 x 35%=498)** | **498** |
| 8. Додаток за работен стаж за 20 г. | |
| **(30.000 x 0,5% x 20г)** | **3.000** |
| **9. Вкупно бруто плата (1+5+7+8)** | **34.210** |

**Пресметка на плата за работа во НЕДЕЛА НА ПРАЗНИК**

| | |
|---|---|
| 1. Бруто плата за I/2022 г. | 45.000 |
| 2. Можен бр. на часови | 168 |
| 3.Бруто плата по час **(45.000 : 168 =268)** | 268 |
| **4.** Работа во недела | 8 ч |
| **5. Додаток за работа во недела** | |
| **(8 x 268=2.144 x 50%=1.072)** | **1.072** |
| 6. Работа во празник | 8 ч |
| **7. Додаток за работа во празник** | |
| **(8 x 268=2.144 x 50%=1.072)** | **1.072** |
| 8. Додаток за работен стаж за 20 г. | |
| **(45.000 x 0,5% x 20г)** | 4.500 |
| **9. Вкупно бруто плата (1+5+7+8)** | **51.644** |

**Пресметка на плата за работа во ПОНЕДЕЛНИК продолжен ПРАЗНИК**

| | |
|---|---|
| 1. Бруто плата за I/2022 г. | 40.000 |
| 2. Можен бр. на часови | 168 |
| 3.Бруто плата по час **(40.000 : 168 =238)** | 238 |
| 4. Работа во празник | 8 ч |
| **5. Додаток за работа во празник** | |
| **(8 x 238=1.904 x 50%=952)** | **952** |
| **6. Надоместок на плата за работа на празник** | |
| **(8 x 238=1.904 x 100%=1.904)** | **1.904** |
| 7. Додаток за работен стаж за 20 г. | |
| **(40.000 x 0,5% x 20г)** | 4.000 |
| **8. Вкупно бруто плата (1+5+6+7)** | **46.856** |

**Пресметка на плата за работа на ПРАЗНИК**

| | |
|---|---|
| 1. Бруто плата за I/2022 г. | 30.000 |
| 2. Можен бр. на часови | 168 |
| 3.Бруто плата по час **(30.000 : 168 =178)** | 178 |
| 4. Работа на празник | 8 ч |
| **5. Додаток за работа на празник** | |
| **(8 x 178=1.424 x 50%=712)** | **712** |
| 6. Додаток за работен стаж за 20 г. | |
| **(30.000 x 0,5% x 20г)** | 3.000 |
| **7. Вкупно бруто плата (1+5+6)** | **33.712** |

**Пресметка на плата за работа на ПРАЗНИК, НЕДЕЛА ПРЕКУВРЕМЕНО И НОЌЕ**

| | |
|---|---|
| 1. Бруто плата за I/2022 г. | 45.000 |
| 2. Можен бр. на часови | 168 |
| 3.Бруто плата по час **(45.000 : 168 = 268)** | 268 |
| 4. Работа во празник | 8 ч |
| **5. Додаток за работа на празник** | |
| **(8 x 268=2.144 x 50%=1.072)** | **1.072** |
| **6.** Работа во недела | 8 ч |
| **7. Додаток за работа во недела** | |
| **(8 x 268=2.144 x 50%=1.072)** | **1.072** |
| 8. Работа ноќе | |
| **9. Додаток за работа ноќе** | |
| **(8 x 268 =2.144 x 35%=750)** | **750** |
| 10. Прекувремена работа | |
| **11. Додаток за прекувремена работа** | |
| **(8 x 268 =2.144 x 35%=750)** | **750** |
| 12 Додаток за работен стаж за 20 г. | |
| **(45.000 x 0,5% x 20г)** | 4.500 |
| **13. Вкупно бруто плата (1+5+7+9+11+12)** | **53.144** |

***5.2. Пресметка на додаток на плата за работа во недела и празници согласно Законот за ТРГОВИЈА***

Согласно член 25 од Законот за Трговија, додатокот на плата за работа во недела и на празници изнесува најмалку **100%, за секој час поминат на работа**.

**Пресметка на плата за работа во НЕДЕЛА**

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата за I/2022 г.** | **30.000** |
| 2. Можен бр. на часови | 168 |
| 3.Бруто плата по час (**30.000 : 168 =178** | 178 |
| 4. Работа во недела | 8 ч |
| **5. Додаток за работа вонедела (8 x 178=1.424 x 100%=1.424)** | **1.424** |
| 6. Додаток за работен стаж за 20 г. (**30.000 x 0,5% x 20г**) | 3.000 |
| **7. Вкупно бруто плата (1+5+6)** | **34.424** |

**Пресметка на плата за работа во НЕДЕЛА И ПРАЗНИК**

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата за I/2022 г.** | **40.000** |
| 2. Можен бр. на часови | 168 |
| 3.Бруто плата по час (**40.000 : 168 = 238**) | 238 |
| 4. Работа во празник | 8 ч |
| **5. Додаток за работа во празник (8 x 238=1.904 x 100%=1.904)** | **1.904** |
| 6. Работа во недела | 8 ч |
| **7. Додаток за работа во недела (8 x 238=1.904 x 100%=1.904)** | **1.904** |
| **8.** Додаток за работен стаж за 20 г. (**40.000 x 0,5% x 20г**) | 4.000 |
| **9. Вкупно бруто плата (1+5+7+8)** | **47.808** |

**Пресметка на плата за работа во НЕДЕЛА И ВЕРСКИ ПРАЗНИК**

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата за I/2022 г.** | **40.000** |
| 2. Можен бр. на часови | 168 |
| 3.Бруто плата по час (**40.000 : 168 = 238**) | 238 |
| 4. Работа во празник | 8 ч |
| **5. Додаток за работа во празник (8 x 238=1.904 x 50%= 952)** | **952** |
| 6. Работа во недела | 8 ч |
| **7. Додаток за работа во недела (8 x 238=1.904 x 100%=1.904)** | **1.904** |
| **8.** Додаток за работен стаж за 20 г. (**40.000 x 0,5% x 20г**) | 4.000 |
| **9. Вкупно бруто плата (1+5+7+8)** | **46.856** |

**Пресметка на плата за работа во НЕДЕЛА, ПРАЗНИК И ПРЕКУВРЕМЕНО**

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата за I/2022 г.** | **50.000** |
| 2. Можен бр. на часови | 168 |
| 3. Бруто плата по час (**50.000 : 168 = 297)** | 297 |
| 4. Прекувремена работа | 8 ч. |
| **5. Додаток на плата за прекувремена работа (8 x 297=2.376 x 35%=831)** | **831** |
| **6.** Работа на празник | 8 ч |
| **7. Додаток на плата за работа во празник (8 x 297=2.376 x100%=2.376 )** | **2.376** |
| 8. Работа во ден на неделен одмор | 8 ч |
| **9. Додаток на плата за работа во недела одмор (8 x 297=2.376 x 100%=2.376)** | **2.376** |
| 10. Додаток за работен стаж за 10 г. (50.000 x 0,5% x 10г) | 2.500 |
| **11. Вкупно бруто плата (1+5+7+9+10)** | **58.083** |

**ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТА**

| | |
|---|---|
| **1.БРУТО ПЛАТА** | **58.083,00** |
| 2.Придонес за ПИО (1 x 18,8%) | 10.919,00 |
| 3.Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 4.356,00 |
| 4.Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 696,00 |
| 5. Придонес за дополнително Здравствено осигурување. (1 x 0,5%) | 290,00 |
| **6.Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **16.261,00** |
| 7.Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 41.822,00 |
| 8.Даночно намалување за 2022 година | 8.788,00 |
| 9.Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 33.034,00 |
| **10. Данок на доход од 10% (9 x 10%)** | **3.303,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **38.519,00** |

*6. ПОПОЛНУВАЊЕ НА МПИН ОБРАЗЕЦ*

Пополнувањето на МПИН образецот, се врши на следниот начин:

| ПОЛЕ ОД МПИН ПРИЈАВА | ПОДАТОЦИ |
|---|---|
| **Поле 3.0. до поле 3.4.** | **Општи податоци на осигуреник.** |
| **Поле 3.5** - Стаж во денови | **31** |
| **Поле 3.6.**- Ефективна работа - часови | **168** |
| **Поле 3.7 –** Износ на ефективна работа | **38.519** |
| **Поле 3.14** - Плата вкупен износ | **58.083** |
| **Поле 3.15 -** Придонес за ПИО | **10.919** |
| **Поле 3.16** - Доплата на придонес за ПИО | **/** |
| **Поле 3.40** - Придонес здравствено.осиг. | **4.356** |
| **Поле 3.41** - Доплата на придонес за здравствено осигурување | **/** |
| **Поле 3.42** - Придонес за дополнително здравствено осигурување | **290** |
| **Поле 3.43** – Доплата на придонес за доплнителноздрав.осигур. | **/** |
| **Поле 3.44** – Придонес за вработување | **696** |
| **Поле 3.45** – Доплата на придонес за врботување | **/** |
| **Поле 3.46** – Данок на доход | **3.303** |
| **Поле 3.17** – Шифра за стаж на осигурување | **0050** |
| **Поле 3.30** - Број на Пријава/Одјава | **Број на Договор** |
| **Поле 3.13** – Нето плата | **38.519** |
| **Поле 3.31** – Ефективна нето плата | **38.519** |
| **Поле 3.32** – Број на трансакциска сметка | **Се пополнува бр. на транс. с/ка** |

**Книжење:**

420 – Плати и надоместоци од плата 58.083
240 – Обврски за плата 58.083
***- вкалкулирана бруто плата;***

240 – Обврски за плата 58.083
2430 – Нето плати 38.519
2340 – Даноци од плата 3.303
2343 – Придонеси од плата 16.261
***- за пресметана плата, даноци и придонеси;***

2430 – Нето плати 38.519
2340 – Даноци од плата 3.303
2343 – Придонеси од плата 16.261
1000 – Трансакциска сметка 58.083
- ***исплатена плата, даноци и придонеси***

## *7. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА РАБОТА ВО НЕДЕЛА И ПРАЗНИЦИ*

| **ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА** | **ЗАКОН ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ** | **ЗАКОН ЗА ТРГОВИЈА** |
|---|---|---|
| Работа во **НЕДЕЛА** | 50% - Додаток за недела<br>100% - Дневница<br>**150% 1,5 Дневници** | 100% - Додаток за недела<br>100% - Дневница<br>**200% 2 - Дневници** |
| Работа во **НЕДЕЛА/ПРАЗНИК** (чл.2 и чл.4 од ЗП) | 50% - Додаток / недела<br>50% - Додаток / празник<br>100% - Дневница<br>**200% 2 Дневници** | 100% - Додаток за недела<br>100% - Додаток / празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |
| Работа во **ПОНЕДЕЛНИК** продолжен ден на празник во **НЕДЕЛА (чл. 2 од од ЗП)** | 50% - Додаток за празник<br>100% -Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 100% - Додаток за празник<br>100% -Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |
| Работа во **ПРАЗНИК РАБОТЕН ДЕН (чл. 2 од ЗП)** | 50% - Додаток за празник<br>100% -Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 100% - Додаток за празник<br>100% -Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |
| Работа во **ПРАЗНИК РАБОТЕН ДЕН (чл. 4 од ЗП)** | 50% - Додаток за празник<br>100% -Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 50% - Додаток за празник<br>100% -Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** |

# НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА

дипл.економист Јулија Минковска

## ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНА РАБОТА КАЈ ВТОР РАБОТОДАВАЧ

***Можноста за дополнително работење кај втор работодавач е регулирана согласно Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05...267/20, 151/21), Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08... 247/18), Општ колективен договор за приватен сектор („Службен весник на РМ" 150/12, 189/13; 119/15; 150/16) и други подзконски акти.***

### ВОВЕД

Согаласно член 116 од Законот за Работни односи (***во продолжение Законот***), полното работно време не смее да трае подолго од ***40 часа*** неделно, ***односно (5) пет работни дена.***

Со закон, односно со колективен договор, може да се одреди како полно работно време, работното време кое е пократко од 40 часа неделно, меѓутоа ***не помалку од 36 часа неделно.***

Со закон или други прописи во согласност со закон или со колективен договор, може да се определи за работните места, кај кои постојат поголеми опасности од повреди или здравствени оштетувања, полното работно време да трае помалку од 36 часа неделно.

Ако полното работно време не е определено со закон или колективен договор, се смета како полно работно време, работното време од ***40 часа неделно***.

### *1. ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА РАБОТА КАЈ ВТОР РАБОТОДАВАЧ*

Согласно член 121 од Законот, работникот, кој работи полно работно време, **може по исклучок да склучи договор за вработување со неполно работно време со друг работодавач,** меѓутоа најмногу за ***(10) десет часа неделно.***

**НАПОМЕНА: за засновање на ваков работен однос, важна е согласноста на работодавачот, каде работникот е вработен со полно работно време.**

Обврзен составен дел на Договорот за вработување за дополнително работење ***од 10 часа*** неделно е Договорот за начинот на остварување на правата и обврските на работникот кај работодавачот, каде што е вработен со полно работно време.

На работникот, кој склучува договор за вработување за доплнителна работа со неполно работно време, престанува да му важи договорот за вработување во согласност со законот, по изминувањето на договореното време или ако е повлечена согласноста на работодавачот, каде што работникот е во работен однос, со полно работно време.

Доколку работодавачот, кај кој работникот работи со полно работно време, ја повлекол дадената согласност, престанува да важи и договорот за вработување, за дополнително работење, од 10 часа неделно.

**НАПОМЕНА: Договорот за дополнително работење престанува да важи и со истекот на времето за кое е склучен.**

**Вториот работодавач,** кај кој работникот работи втора дополнителна работа е должен до Агенцијата за вработување, без објавување на Оглас, да достави**:**

- **Пријава/Одјава** *(електронски образец М1/-М2 испечатен од системот на Агенцијата за вработување на Република Македонија**)*** за работникот во задолжително социјално осигурување *(пензиско и инвалидско, здравствено и осигурување во случај на невработеност*), во согласност со посебните прописи, во Агенцијата за вработување на Република Македонија, по електронски пат или непосредно - во Агенцијата;
- **Приложување на ППР образец**, овластување на овластено лице со список за лица кои ги пријавува/одјавува, во кое се наведени името, презимето и ЕМБГ, како и бројот на договорот за вработување и датумот на склучување на договорот за вработување, **пред работникот да стапи на работа;**
- **Согласност *од првиот работодавач за дополнително работење кај вториот работодавач;***
- *првиот работодавач за дополнително работење кај вториот работодавач;*
- **Заверена фотокопија** од пријавата или извод од компјутерски запис од информацискиот систем на Агенцијата, му се врачува на работникот, ***во рок од три дена*,** од денот на стапувањето на работа.

**НАПОМЕНА: Работникот не може да стапи на работа пред да се склучи договор за вработување и пред работодавачот да го пријави во задолжително социјално осигурување.**

Ако ***датумот на стапување на работа не е определен*** во договорот за вработување, ***како датум на стапување на работа се смета наредниот ден*** од датумот на потпишувањето на договорот за вработување, а работникот се пријавува во Агенцијата за вработување на Република Македонија, на датумот на потпишувањето на договорот за вработување.

Правата, обврските и одговорностите врз основа на вршењето на работата од работниот однос и вклучување во задолжителното социјално осигурување, врз основа на работниот однос, започнуваат да се остваруваат со денот на стапувањето на работа, исто така и во случај ако на тој ден работникот од оправдани причини нема да започне да работи.

Оправдани причини според законот, заради кои работникот не отпочнува со работа на денот определен со договорот за вработување, се случаите кога работникот е отсутен од оправдани причини утврдени со закон, колективниот договор и договорот за вработување.

Ако работникот неоправдано не стапи на работа, првиот ден на денот определен за стапување на работа, ќе се смета дека не засновал работен однос.

**Доколку работодавачот по престанокот на работниот однос, во рок од осум дена** од денот на престанокот на работниот однос, **не го одјави работникот** од задолжително социјално осигурување, **одјава на работникот може да се изврши по барање на работникот**, врз основа на претходно доставен записник од инспекторот на трудот, до Агенцијата за вработување на Република Македонија.

**НАПОМЕНА**: **Договорот за вработување се склучува во писмена форма, се чува во работните простории во седиштето на работодавачот и примерок од склучениот договор за вработување, му се врачува на работникот на денот на потпишувањето на договорот за вработување.**

### *1.1. Договор за вработување кај втор работодавач и согласност за дополнително работење*

**Во продолжение е презентиран вид на Договор за работа кај втор работодавач и Согласност за дополнително работење, кој може дополнително да се моделира.**

**ДОГОВОР**

**за начинот на остварувањето на правата и обврските од работен однос при дополонително работење кај втор работодавач**

Склучен на __________________ година помеѓу:

1.______________________________________________

___________________ (како работодавач каде што работникот склучил договор за работа со полно работно време), во натамошниот текст како прв работодавач и

2.______________________________________________

(како работодавач каде што работникот склучил договор за работа со неполно работно време за дополнителна работа), во натамошниот текст како втор работодавач.

**Член 1**

Со овој договор двете договорни страни се договорија за начинот на остварувањето на правата и обврските од работниот однос на работникот ___________________ од ____________ со живеалиште на ул. _________________ и ЕМБГ_____________.

**Член 2**

**Работникот ги има следните обврски кај двајца работодавачи:**

- работите да ги обавува совесно, благовремено и квалитетно, а средствата за работа да ги користи совесно, целесообразно и одговорно, при што да остварува позитивни резултати во работењето,
- да се придржува кон утврденото работно време и утврдените мерки за безбедност и здравје при работа,
- да ги почитува општите и посебните акти, наредби, напатствија и одлуки на Работодавачот, непосредниот раководител и органите на управување,
- правилно и совесно да се однесува према странките и останатите работници и со своето однесување да го чува угледот на Работодавачот и да ја чува деловната и професионална тајна.

**Член 3**

Работодавачите ги прифаќаат обврските што произлегуваат од Законот за работни односи, другите позитивни законски прописи, колективниот договор, **Статутот и другите општи и поединечни акти, а особено:**

- ✓ да му ги обезбедат потребните услови за успешно извршување на преземените работни задачи,
- ✓ да го почитуваат пропишаното работно време, одмори и отсуства од работен однос, пропишаните средства за заштита при работа и други услови и права во согласност со Законот и колективниот договор,
- ✓ Одмор ____________________________________
- ✓ Работно време кај прв работодавач___________-Работно време кај втор работодавач ___________
- ✓ Кај првиот работодавач ќе користи неделен одмор во треќе од _______ во деновите ______________

- ✓ Паузи _______________________________________
- ✓ Годишниот одмор во траење од _________ дена кај првиот работодавач и ________ дена кај вториот работодавач,
- ✓ да го информираат работникот за ризичните работни места и посебни стручни квалификации или познавања или неопходен посебен медицински надзор, во согласност со закон, со наведување на посебните ризици кои според законските прописи можат да бидат последица од работата.

**Член 4**

Овој договор може да се раскине со спогодба на странките и пред истекот за времето на кое е склучен во согласност со законот, колективниот договор или престанува да важи по истекот на времето за кое е заклучен.

**Член 5**

На работникот кој склучува договор за дополнително работење престанува да ма му важи договорот по изминување на договореното време, или ако е повлечена согласноста на работодавачот, каде што работникот е вработен со полно работно време.

**Член 6**

Договорот е склучен во 4 (четири) исти примероци од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

| **_Прв работодавач_** | **_Втор работодавач,_** |
|---|---|
| ___________________ | __________________ |

Врз основа на член 121 од Законот за работни односи Управителот на _______________________________, на ден __/__/2022 година, ја даде следната:

**СОГЛАСНОСТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО РАБОТЕЊЕ**
**КАЈ ДРУГ РАБОТОДАВАЧ**

Лицето____________________________ од Скопје, со живеалиште на ул.________________, и ЕМБГ:_____________, има засновано работен однос со полно работно време со Друштво ______________________,

На барање на горенаведениот вработен, ја даваме оваа согласност и **се СОГЛАСУВАМЕ** вработениот да заснова работен однос со неполно работно време со друг работодавач, ***но не за повеќе од 10 часа неделно.***

Оваа согласност ја даваме со цел да му послужи на вработениот, при постапката на засновање на работен однос, кај друг работодавач.

*Скопје _________2022 година*

**Управител:____________**

## *2. ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТА ПРИ ДОПОЛНИТЕЛНА РАБОТА*

### *2.1. Пресметка на даноци и придонеси за полно работно време (кај ПРВИОТ РАБОТОДАВАЧ)*

**ПРИМЕР:** Работникот **„НН”** во месец **Јануари/*2022*** година, работи со полно работно време, од 40 часа неделно кај работодавачот **„ХЕПС**” и дополнително со 10 часа неделно кај работодавачот **„ИРИС”** по претходна согласност на работодавачот **„ХЕПС”. Бруто плата кај работодавач ”ХЕПС”** изнесува – **40.000** денари, а кај работодавачот **„ИРИС” 20.000** денари месечно.

***ПРЕСМЕТКА - Прв работодавач “ХЕПС” за 40 часа:***

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **40.000,00** |
| 2. Придонес за ПИО (1 x 18,8%) | 7.520,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 3.000,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 480,00 |
| 5. Доплнителен придонес за здрав. осиг. (1 x 0,5%) | 200,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2+3+4+5)** | **11.200,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6) | 28.800,00 |
| 8. Даночно намалување за 2022 | 8.788,00 |
| 9. Даночна основа (7 – 8) | 20.012,00 |
| **10. Данок на доход (9 x 10%)** | **2.001,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **26.799,00** |

### 2.1.1. ПОПОЛНУВАЊЕ НА МПИН ПРИЈАВА

| **ПОЛЕ ОД МПИН ПРИЈАВА** | **ПОДАТОЦИ** |
|---|---|
| ***Поле 3.0. до поле 3.4.*** | ***Општи податоци на осигуреникот*** |
| Поле 3.5 – Стаж во денови | **31** |
| Поле 3.6.- Ефективна работа часови | **168** |
| Поле 3.7.- Износ на ефективна работа | **26.799** |
| Поле 3.14 – Плата вкупен износ | **40.000** |
| Поле 3.15 – Придонес за ПИО | **7.520** |
| Поле 3.40 – Придонес за здравствено осигур. | **3.000** |
| Поле 3.42 – Придонес за дополнително здравствено осигурување | **200** |
| Поле 3.44 – Придонес за вработување | **480** |
| Поле 3.46 – Данок на доход | **2.001** |
| Поле 3.17 – Шифра за стаж на осигурување | **0050** |
| Поле 3.30 – Број на Пријава/Одјава од задолжително социјално осигурување | **Број на Договор на Обврзникот** |
| Поле 3.13 – Нето плат | **26.799** |
| Поле 3.31 – Ефективна нето плата | **26.799** |
| Поле 3.32 – Број на трансакциска сметка | ***Трансакциска сметка*** |

**КНИЖЕЊЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Вкалкулирани плати | 40.000,00 | |
| 240 – Обврски за плата | | 40.000,00 |
| ***(за пресметана плата);*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 240 – Обврски за плата | 40.000,00 | |
| 2430 – Нето плата | | 26.799,00 |
| 2340 – Данок на доход | | 2.001,00 |
| 2343 – Придонес за ПИО | | 7.520,00 |
| 2344 – Придонес за здравствено. осигур. | | 3.000,00 |
| 23441 – Придонес за професионално заболување | | 200,00 |
| 2345 – Придонес за вработување | | 480,00 |
| ***(за пресметка на даноци ми придонеси);*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2430 – Нето плата | 26.799,00 | |
| 2340 – Данок на плата | 2.001,00 | |
| 2343 – Придонес за ПИО | 7.520,00 | |
| 23440 – Придонес за здравствено осиг. | 3.000,00 | |
| 23441 – придонес за професионално забол. | 200,00 | |
| 2345 –Придонес за вработување | 480,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 40.000,00 |
| ***(за исплатена плата даноци и придонеси).*** | | |

### *2.2. Пресметка на даноци и придонеси за дополнителна работа од 10 часа (кај ВТОР РАБОТОДАВАЧ)*

Пресметката и исплатата на платата за дополнителна работа кај втор работодавач се изготвува во рамките на концептот **БРУТО ПЛАТА** (Нето плата со сите законски пропишани даноци и придонеси преки МПИН апликација, со таа разлика што при пресметка на Данокот на личен доход кај вториот работодавач, **не се користи Месечното даночно намалување,** бидејќи истото се користи во редовната плата со полно работно време **кај првиот работодавач**, со примена на законските стапки и законските основици за годината, за која се поднесува пресметката.

**ПРИМЕР 2: Втор работодавач *„ИРИС" за 40 дополнителни часа***

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **20.000,00** |
| 2. Придонес за ПИО (1 x 18,8%) | 3.760,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.500,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 240,00 |
| 5. Дополнителен придонес за здрав. осиг. (1 x 0,5%) | 100,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2+3+4+5)** | **5.600,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6) | 14.400,00 |
| 8. Даночно намалување за 2022 | 0,00 |
| 9. Даночна основа (7 – 8) | 14.400,00 |
| **10. Данок на доход (9 x 10%)** | **1.460,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **12.940,00** |

**НАПОМЕНА: Не се користи даночното намалување при дополнителна работа кај втор работодавач бидејќи осигуреникот го користи кај првиот работодавач.**

Работникот за месец **Јануари/2022 *година,*** ќе добие вкупно ***НЕТО ПЛАТА*** од двата работодавача, во износ од:

***39.739,00** денари (**26.799 + 12.940,00 денари**).*

**2.2.1. Пополнување на МПИН пријава кај ВТОРИОТ работодавач**

При пресметка на плата за дополнително работење кај вториот работдавач, се пополнуваат следните податоци:

- **Вид на обврска - 123** – Плата од дополнително вработување*;*
- **Вид на обврзник – 110** – Правно лице ***(за свои вработени);***
- **Часови за ефективна работа 40 часа** (***2 часа дневно)***
- **Прекувремени часови (0);**
- **Неплатени часови** (0);
- **Шифра за вид на стаж 0057** ***(скратено работно време).***

***Останатите полиња се пополнуваат редовно***

| ПОЛЕ ОД МПИН ПРИЈАВА | ПОДАТОЦИ |
|---|---|
| *Поле 3.0. до поле 3.4.* | ***Општи податоци на осигуреникот*** |
| Поле 3.5 – Стаж во денови | **30** |
| Поле 3.6.- Ефективна работа часови | **40** |
| Поле 3.7.- Износ на ефективна работа | **12.940** |
| Поле 3.14 – Плата вкупен износ | **20.000** |
| Поле 3.15 – Придонес за ПИО | **3.760** |
| Поле 3.40 – Придонес за здравствено осигур. | **1.500** |
| Поле 3.42 – Придонес за дополнително здравствено осигурување | **100** |
| Поле 3.44 – придонес за вработување | **240** |
| Поле 3.46 – Данок на доход | **1.460** |
| Поле 3.17 – Шифра за стаж на осигурување | **0057** |
| Поле 3.30 – Број на Пријава/Одјава од задолжително социјално осигурување | **Број на Договор на Обврзникот** |
| Поле 3.13 – Нето плат | **12.940** |
| Поле 3.31 – Ефективна нето плата | **12.940** |
| Поле 3.32 – Број на трансакциска сметка | ***Трансакциска сметка*** |

**КНИЖЕЊЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Вкалкулирани плати | 20.000,00 | |
| 240 – Обврски за плата | | 20.000,00 |
| ***(за пресметана плата);*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 240 – Обврски за плата | 20.000,00 | |
| 2430 – Нето плата | | 12.940,00 |
| 2340 – Данок на доход | | 1.460,00 |
| 2343 – Придонес за ПИО | | 3.760,00 |
| 2344 – Придонес за здравствено. осигур. | | 1.500,00 |
| 23441 – Придонес за професионално заболување | | 100,00 |
| 2345 – Придонес за вработување | | 240,00 |
| ***(за пресметка на даноци ми придонеси);*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2430 – Нето плата | 12.940,00 | |
| 2340 – Данок на плата | 1.460,00 | |
| 2343 – Придонес за ПИО | 3.760,00 | |
| 23440 – Придонес за здравствено осиг. | 1.500,00 | |
| 23441 – придонес за професионално забол. | 100,00 | |
| 2345 –Придонес за вработување | 240,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 20.000,00 |

***(за исплатена плата даноци и придонеси);***

### *2.3. Поднесување на испрвака на МПИН пријава за дополнителна работа*

Доколку се случи да во месецот имате поднесено и исплатено МПИН пресметката за дополнителна работа со вид на обврзник ***(110, 111, 112***) и **вид на обврска 123**, во тој случај треба да се изврши корекција на МПИН пресметката со поднесување на пресметка со користење на шифра за вид на обврзник (110, 111, 112) и шифра за вид на обврска 223, kој начин корекција на МПИН Образецот ви го презентираме во продолжение:

***МПИН пресметката со шифра за вид на обврзник (110, 111, 112) и шифра за вид на обврска 223, се поднесува на следниот начин:***

- **Вид на обврска (*поле 1.3*)** шифра 223;
- **Вид на обврзник *(поле 1.4*)** шифра (110, 111, 112 во зависност од видот на обврзник правно лице или самовработено лице);
- **Часови за ефективна работа** (***поле 3.6***) максимално 46 (2 часа дневно x 23 мах работни денови);
- **Прекувремени часови *(поле 3.6б*)** нула (0);
- **Неплатени часови *(поле 3.6ц)*** нула (0);
- **Бруто плата *(поле 3.14)*** – се внесува вкупниот износ на бруто платата за дополнителна работа за тековниот месец;
- **Придонеси од задолжително социјално осигурување** (***поле 3.15, 3.16, 3.40, 3.41, 3.42, 3.43, 3.44, 3.45***) се пресметуваат придонесите на основица од поле 3.14;
- **Персонален данок од плата** (***pole 3.46)*** – се пресметува персоналниот данок без да се врши намалување на основицата за износот на даночно ослободување;

- **Вид на стаж *(поле 3.17*)** шифра 0057 (означува дополнителна работа за вработени по член 121 од ЗРО);
- **Ефективна нето плата *(поле 3.31)*** – доколку исправката се однесува на зголемување на износот на бруто платата, во тој случај во ова поле се внесува само износот за доплата на нето платата, а доколку вршите намалување на бруто платата, во тој случај ова поле се пополнува со износ нула.

***Останатите полиња се пополнуваат редовно.***

Доколку со пресметката со вид на обврзник (110, 111, 112) и шифра за вид на обврска 223 ја поднесувате за исправка на висината на бруто-платата, во тој случај (***во полето 3.14)*** се внесува вкупниот износ на платата за дополнителна работа ***(не само разликата***) и на таа основица се пресметуваат придонесите од задолжително социјално осигурување и персонален данок.

Системот за интегрирана наплата во декларацијата за прием ќе ги прикаже претходно платените износи за придонеси и персонален данок од пресметката со вид на обврзник (110, 111, 112) и вид на обврска 123.

Доколку пресметените вредности за придонеси и персоналниот данок во исправката се во поголем износ од претходно платените, во тој случај автоматски ќе биде пресметана разликата за доплата.

Во спротивен случај, доколку со исправката вршите намалување на претходно платените вредности за придонеси и персонален данок, во тој случај износот на придонеси и персонален данок ќе биде порамнет на нула, а воедно ќе ви биде пресметан поврат на средства од идни уплати кој ќе го намали износот за плаќање во нареден/и месеци во пресметката со вид на обврзник (110, 111, 112) и вид на обврска 123.

### *1.3. Поднесување на Исправка на МПИН пресметка за дополнителна работа кај втор работодавач*

Доколку се случи да во месецот имате поднесено и исплатена МПИН пресметката за дополнителна работа со вид на обврзник ***(110, 111, 112***) и вид на обврска 123, во тој случај треба да се изврши корекција на МПИН пресметката со поднесување

на пресметка со користење на шифра за вид на обврзник (110, 111, 112) и шифра за вид на обврска 223, кој на начин на корекција на МПИН Образецот ви до презентираме во продолжение:

***МПИН пресметката со шифра за вид на обврзник (110, 111, 112) и шифра за вид на обврска 223 се понесува на следниот начин:***

- **Вид на обврска (*поле 1.3*)** шифра 223
- **Вид на обврзник *(поле 1.4)*** шифра (110, 111, 112 во зависност од видот на обврзник правно лице или самовработено лице)
- **Часови за ефективна работа** (***поле 3.6***) максимално 46 (2 часа дневно x 23 max работни денови)
- **Прекувремени часови *(поле 3.6б*)** нула (0)
- **Неплатени часови *(поле 3.6ц)*** нула (0)
- **Бруто плата *(поле 3.14)*** – се внесува вкупниот износ на бруто платата за дополнителна работа за тековниот месец
- **Придонеси од задолжително социјално осигурување** (***поле 3.15, 3.16, 3.40, 3.41, 3.42, 3.43, 3.44, 3.45***) се пресметуваат придонесите на основица од поле 3.14
- **Персонален данок од плата** (**поле *3.46)*** – се пресметува персоналниот данок без да се врши намалување на основицата за износот на даночно ослободување
- **Вид на стаж *(поле 3.17*)** шифра 0050 (***означува дополнителна работа за вработени по член 121 од ЗРО***)
- **Ефективна нето плата *(поле 3.31)*** – доколку исправката се однесува на зголемување на износот на бруто платата, во тој случај во ова поле се внесува само износот за доплата на нето платата, а доколку вршите намалување на бруто платата, во тој случај ова поле се пополнува со износ нула.

***Останатите полиња се пополнуваат редовно.***

Доколку со пресметката со вид на обврзник (110, 111, 112) и шифра за вид на обврска 223 ја поднесувате за исправка на висината на бруто-платата, во тој случај (***во полето 3.14)*** се внесува вкупниот износ на платата за дополнителна работа ***(не само разликата***) и на таа основица се пресметуваат придонесите од задолжително социјално осигурување и персонален данок.

Системот за интегрирана наплата во декларацијата за прием, ќе ги прикаже претходно платените износи за придонеси и персонален данок од пресметката со вид на обврзник (110, 111, 112) и вид на обврска 123.

Доколку пресметените вредности за придонеси и персоналниот данок во исправката, се во поголем износ од претходно платените, во тој случај автоматски ќе биде пресметана разликата за доплата.

Во спротивен случај, доколку со исправката вршите намалување на претходно платените вредности за придонеси и персонален данок, во тој случај износот на придонеси и персонален данок ќе биде порамнет на нула, а воедно ќе ви биде пресметан поврат на средства од идни уплати кој ќе го намали износот за плаќање во нареден/и месеци во пресметката со вид на обврзник (110, 111, 112) и вид на обврска 123.

# НЕСТОПАНСТВО

*дипл.економист Јулија Минковска*

## НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА КАЈ БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ, СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ ЗА 2022 ГОДИНА

***Извршувањето на Буџетот на Република Македонија за 2022 година е објавен во („Службен весник на РС Македонија" 287/2021), а ќе се применува од 01.01.2022 година.***

### *ВОВЕД*

Буџетските корисници и единките корисници се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно.

Буџетските корисници, кои во својот состав имаат единки корисници, се должни да го контролираат наменското и законитото користење на средства, со кои располагаат единките корисници.

Буџетските корисници, кои во својот состав имаат единки корисници должни се да го контролираат наменското и законитото користење на средствата со кои располагаат единките корисници и не смеат да преземаат обврски или да направат расходи над лимитот на одобрените средства со буџетот.

Техниката на наплата на приходите, плаќањето на расходите и управувањето со ликвидноста и долговите, ги пропишува министерот за финансии.

# *1. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОСНОВНИОТ БУЏЕТ*

Согласно член 6 од Законот за Извршување на Буџетот *(во **натамошниот текст** ЗИБ)*, буџетските корисници од Централната власт, **можат да ги користат средствата само доколку во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот**, до трезорот при Министерството за финансии, достават Годишен финансиски план **по квартали**, за користење на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки.

Буџетските корисници од Централната власт, кои во својот состав имаат единки корисници, должни се до секоја единка корисник**, во рок од пет дена** од денот на донесувањето на Буџетот, да достават **Извадок од годишниот финансиски план** по сметки, програми, потпрограми и ставки, во кој се содржани средствата, наменети за одделните единки корисници.

## *1.1. Изработка на финансиски план*

***Врз основа на извадокот од годишниот финансиски план, единките корисници изготвуваат свој финансиски план*** по квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки, кои имаат обврска да го достават до надлежното министерство, а надлежното министерство консолидираниот финансиски план, го доставува до Министерството за финансии, **во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот.**

Во текот на годината, буџетските корисници од Централната власт**, можат да достават барање за измена на годишниот финансиски план по квартали**, за користењето на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки, само доколку се работи за расходи, кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото потребно е да се достават образложение и ревидиран годишен финансиски план по квартали.

Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници од Централната власт изготвуваат предлог на финансиски план за даден квартал, по месеци, по сметки, програми, потпрограми и по ставки, кој го доставуваат до Трезорот при Министерството за финансии, најдоцна **пет дена** пред почетокот на кварталот, за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Буџетските корисници на Централната власт, кои во својот состав имаат единки корисници се должни до Трезорот при Министерството за финансии, ***да доставаат и збирен квартален план по месеци по сметки, програми, потпрограми и ставки за своите единки корисници***.

Во текот на дадениот квартал, буџетските корисници од Централната власт можат да достават **Барање за измена на кварталниот финансиски план по месеци, по сметки, програми, потпрограми и ставки**, во рамки на износите одобрени за дадениот квартал.

Средствата од Основниот буџет во Раздел **090.02 – Министерство за финансии – функција на државата, се користат без одобрување на финансиски план.**

Во случај кога Владата на Република Македонија, односно министерот за финансии во рамките на законските овластувања одобрува средства од раздел **090.02- Министерство за финансии – Функции на државата на друг буџетски корисник,** средства се одобруваат како финансиски план (право на трошење), во разделот на буџетскиот корисник.

## *2. РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТОТ*

### *2.1. Исплата на плати*

Согласно член 8 од ЗИБ, исплатата на плати на буџетските корисници од Централната власт и Единките корисници, **ја контролира и одобрува Министерството за финансии.**

Буџетските корисници од централната власт и единките корисници, **се задолжени два дена** пред исплатата на плати до Министерството за финансии, **да доставаат Барање за одобрување на средства за плати, кон кое ќе ги приложат Образец Ф-1 за бројот на вработените,** по име и презиме, бруто и нето плата и други податоци, предвидени во образецот во пишана и електронска верзија ***(на ЦД, електронска пошта и друго***), за односниот месец, за кој се однесува исплатата.

Во случај на нови вработувања, буџетските корисници од централната власт и единките корисници се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат **Образец М-1.**

### *2.2. Надоместоци од плата*

Во Законот за извршување на Буџетот на РСМ за 2022 година, **предвидени се следните надоместоци од плата и тоа:**

- **Надоместок за одвоен живот;**
- **Надоместок за закупнина на стан, во случај да не користи службен стан;**
- **Надоместок за селидбени трошоци;**
- **Надоместок во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци;**
- **Дневници за службени патувања во земјата и странство,**
- **Надоместок за испратнина при заминување на работник во пензија;**
- **Надоместок во случај на смрт на вработен или член на семејство.**

***НАПОМЕНА:*** **Овие надоместоци се исплатува од одобрените средства со Буџетот и Буџетските корисници.**

Во Законот за извршување на Буџетот за 2022 година, **не е предвидено да се исплатува:**

- **Надомест за теренски додаток;**
- **Надомест за регрес за годишен одмор;**
- **Надомест за јубилејни награди;**
- **Надомест за користење на сопствено возило за службени цели.**

#### *2.2.1. Надоместок на одвоен живот*

Согласно член 11 од Законот на избраните и именувани функционери кај буџетските корисници и единките корисници од денот на нивното именување заклучно со денот на нивното разрешување, *им следува надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството* ***во висина од 30% од просечната месечна нето плата, исплатена во Република Македонија во претходните три месеца.***

Одвоен живот од семејството се смета кога лицата, кои имаат семејство за издржување, засноваат работен однос во орган на управата надвор од нивното живеалиште, а во местото каде што е седиштето на органот, во кој имаат засновано работен однос, **не живеат со нивното семејство**.

***Надоместокот за одвоен живот не им припаѓа на лицата, доколку местото на живеење е оддалечено помалку од 100 километри од местото на работење.***

На избраните и именуваните функционери кај буџетските корисници од централната власт и единките корисници, кои користат надоместок за одвоен живот од семејството, не им следува надоместок за трошоците за превоз, заради посета на потесното семејство.

### *2.2.2. Надоместок за користење на службен стан*

Согласно член 12 од ЗИБ, на лицата на кои им следува правото на користење на службен стан, согласно со закон, доколку истиот не може да им биде обезбеден**, имаат право на надоместок за закупнина на стан**. Владата на Република Македонија со Одлука ќе ја определи висината на надоместокот за закупнина на стан.

**Надоместокот на трошоците за одвоен живот и надоместокот за закупнина на стан, меѓусебно се исклучуваат.**

Одредби за надоместок за одвоен живот и користење на службен стан **се применуваат и на лицата на служба во Армијата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи,** на кои им следуваат овие права, согласно со закон.

***НАПОМЕНА:*** **За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор и отсуство од работа, по која било друга основа, надоместокот за одвоен живот не се исплатува.**

### *2.2.3 Надоместок за селидбени трошоци*

Согласно член 15 од ЗИБ, надоместокот за селидбени трошоци, на лица на кои им следува право на користење на службен стан, се исплатува во висина на вистинските трошоци, за превоз на покуќнината.

**НАПОМЕНА: Надоместокот за селидбени трошоци не следува, доколку на вработениот му се исплатува надоместок за одвоен живот.**

***2.2.4. Надоместок за непрекинато боледување***

Согласно член 16 од ЗИБ, во случај на непрекинато боледување **подолго од шест месеци**, на вработениот му се исплатува еднократна парична помош ***во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата, во органот, каде што е вработен.***

***2.2.4. Дневница за службено патување во земјата***

Согласно член 17 од ЗИБ, дневницата за службено патување во земјата се пресметува **од часот на тргнување** на работникот на службеното патување, **до часот на враќање** со превозното средство и тоа:

- **Дневница во висина од 700,00 денари, ако службеното патување траело повеќе од 12 часа и**
- **Дневница во висина од 350,00 денари, ако службеното патување траело повеќе од 12 часа.**

Дневницата за службено патување во земјата за вработените во Министерство за внатрешни работи, Агенцијата за разунавање, Агенцијата за национална безбедност и Управата за финасиска полиција, **се пресметува од часот на тргнувањето на работникот на службено патување, до часот на враќање со превозно средство и тоа:**

- **Дневница во висина од 2.000,00 денари, ако службеното патување траело повеќе од 12 часа ;**
- **Дневница во висина од 1.050,00 денари, ако службеното патување траело повеќе од 12 часа.**

***2.2.5 Отпремнина за заминување на работник во пензија***

Согласно член 19 од Законот, во случај на **заминување на работникот во пензија,** му се исплатува **двократен износ** за отпремнина, пресметан врз основа на **просечната месечна нето плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата.**

### *2.2.6. Надоместок во случај на смрт на работник или член на семејство*

Согласно член 20 од ЗИБ, во случај на смрт на вработен, на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од двократен износ на просечна месечна нето плата по работник во РСМакедонија, објавена до денот на исплатата која за 2022 година изнесува: ***58.260,00 денари***.

**Во случај на смрт на член од потесното семејство** на вработениот (***родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување***), му припаѓа парична помош во висина од една просечна месечна нето плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата, која за 2022 година изнесува: ***29.130,00 денари***.

Овие надоместоци се исплатуваат по претходно доставено **БАРАЊЕ** со комплетирана документација во годината на настанување на смртта, односно во годината, која следи по годината на настанување на смртта.

За работниците ***ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања***, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

**НАПОМЕНА: Буџетските корисници, сите НАВЕДЕНИ НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА, ги исплаќаат од одобрените средства со Буџетот.**

### *2.2.7. Законски одредби за остварувањето на правото на надоместоците од плата*

Правото на остварување на надоместоците од плата поврзани со работа покрај што е регулирано со Законот за Извршување на Буџетот, кај вработените во Јавниот сектор е регулирано и во повеке законски прописи, **кои пропишуваат различни видови на надоместоци, кои во одделни законски прописи не се спомнати или се укинати.**

Независно што одделни законски решенија предвидуваат повеќе видови надоместоци, сепак треба да се има предвид **содржината на одобрениот буџет на буџетскиот корисник, дали во истиот се планирани и одобрени таков вид на исплати.**

При планирањето и исплатата на надоместоците поврзани со работата, се поставува прашањето дали тие се предвидени со законската регулатива и дали се планирани при формирање на Буџетот на буџетскиот корисник.

**Правото на остварување на надоместоците од плата е регулирано согласно следните законски прописи и тоа:**

| Вид надместок | ИЗНОС | Закон за извршу-вање на Буџетот за/2022 | Закон за Работ-ни односи | Закон за админи-стра-тивни службе-ници | Општ колек. Договор за Јавен сектор |
|---|---|---|---|---|---|
| **Одвоен живот** | **30%** од просечна месечна нето плата исплатена во РМ во претходните три ме-сеци. | Предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден |
| **Користење на службен стан** | **Со Одлука** на Влада на РСМ | Предвиден | Не е пред-виден | Не е предв-иден | Не е предвиден |
| **Селидбени. Трошоци.** | Во висина на **вист-ински трошоци** за превоз на покуќнина | Предвиден | Не е пред-виден | Предвиден | Предвиден |
| **Непрекина-то боледу-вање, подо-лго од 6 месеци** | Една последна испла-тена просечна месечна Нето плата во Органот каде што е вработен | Предвиден | Не е пред-виден | Предвиден | Предвиден |
| **Дневници за службени патувања во земјата** | *700 денари за по-веќе од 12 часа *350 денари од 8 до 12 часа | Предвиден | Не е пред-виден | | |
| **Дневници за Службени патувања во земјата за МВР, Аген-ција за ра-зузнавање, Агенција за безбедност и Управа за фин.полиција** | *2.000 денари за повеќе од 12 часа *1.000 денари од 8 до 12 часа | Предвиден | Не е пред-виден | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Помош за смрт на вработен** | Двократен износ од просечна нето плата до денот на исплата | Предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден |
| **Помош за Смрт на член на семејство** | Една просечна нето плата до денот на исплата | Предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден |
| **Надомест за корис-тење на сопствено возило за службени цели** | | Не е пред-в-иден | Предвиден | Предвиден | Предвиден |

### *2.3. Вработување нови работници на определено време*

Согласно член 22 од ЗИБ, Буџетските корисници и Единките корисници на средствата од Буџетот на Република Македонија, Јавните претпријатија, Агенциите и јавно–правните субјекти, основани од централната власт, како и Трговските друштва основани од Република Македонија, освен независни-те регулаторни тела со јавни овластувања утвдени со закон, можат да вработуваат работници на определено време, на неопределено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања, за вршење на привремени работи само под услов ако за тоа се обезбедени финансиски средства во Буџетот на Република Македонија, од-носно во финансиските планови за тековната фискална година.

Министерството за финансии во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето за вработување на нови работници, писмено ги известува субјектите за обезбедените финансиски средства, за бараните вработувања.

## *3. ПРОГРАМА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА*

Во согласност со член 50 од ЗИБ, буџетските корисниците кои се обврзани да **изготват Програми за користење на средства од Буџетот**, должни се до Владата на Република Македонија да ги доставаат истите **во рок од 30 дена,** од денот на објавувањето на Буџетот во “Службен весник на РМ”.

Владата на Република Македонија е должна да ги донесе програмите **во рок од 30 дена,** од денот на доставувањето од страна на корисниците на Буџетот.

Буџетските корисници до Министерството за финансии **доставуваат полугодишен и годишен извештај** за реализација на програмите, најдоцна еден месец по завршување на извештајниот период.

### *3.1. Поврат на приходи на Буџетот*

Согласно член 51 од ЗИБ, поврат на приходи кои му припаѓаат на Буџетот, се врши во случај кога се работи за погрешно, повеќе уплатени, односно наплатени приходи, како и за уплатени приходи, по кои не е настанато правно дејство.

Пренасочувањето на приходи кои му припаѓаат на Буџетот, се врши единствено, кога се работи за погрешно уплатени приходи.

Повратот, односно пренасочувањето на приходите на Буџетот, освен приходите на Управата за јавни приходи и приходите на царинската управа, **се врши со решение на министерот за финансии.**

По исклучок, за грешки настанати при вршење на платен промет, **повратот**, односно пренасочувањето со налог го врши Трезорот, по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

### *3.2. Поврат на приходи на Управа за јавни приходи*

Поврат, односно пренасочување на приходите за кои е надлежна Управата за јавни приходи, се врши со решение на директорот на Управата за јавни приходи.

По исклучок, за грешки настанати при вршење на платен промет, повратот, односно пренасочувањето со налог го врши Управата за јавни приходи, по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

### 3.3. Поврат на приходи на Царинската управа

Поврат, односно пренасочување на приходите за кои е надлежна Царинската управа, се врши со решение на директорот на Царинската управа.

По исклучок, за грешки настанати при вршење на платен промет, повратот, односно пренасочувањето со налог го врши Царинската управа по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

### 3.4. Поврат на приходи на органи на државна власт

Поврат, односно пренасочување на приходи кои со својата дејнсот ги остваруваат органите на државната управа на посебните сметки, се врши со решение на функционерот кој раководи со органот.

По исклучок, за грешки настанати при вршење на платен промет, повратот, односно пренасочувањето со налог го вршат органите на државната управа, по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

Во постапката за поврат на погрешно, повеќе уплатени, односно наплатени приходи, како и за приходи по кои не е настанато правно дејство, **не се засметува камата**, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

Начинот на постапување при извршувањето на повратот, односно пренасочувањето, го пропишува министерот за финансии.

### 3.5. Рок за завршување на постапката за поврат

Согласно член 50 од ЗИБ**, рокот за завршување** на постапката за поврат, односно пренасочување на приходите, **не може да биде подолг од 60** дена од денот на приемот на барањето за поврат, односно пренасочување на приходите.

**Правото на поврат, односно пренасочување** на приходите **застаруваат во рок од пет години** од денот кога истите се уплатени, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

### *4. ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТИТЕ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ ОД ДОНАЦИИ И ЗАЕМИ*

Согласно член 56 од ЗИБ, **приходите** остварени од самофинансирачки активности, од донации и заеми, буџетските корисници од централната власт, можат да ги користат за намените и во висина на износите, утврдени со Буџетот врз основа на годишен финансиски план по квартали, по сметки, по програми, потпрограми и ставки и истиот е потребно да се достави до министерството за финансии ***во рок од 25 дена од донесувањето на Буџетот***.

Буџетските корисници од централната власт кои во својот состав имаат единки корисници се должни до секоја единка корисник, **во рок од пет дена** од денот на донесувањето на Буџетот, ***да доставаат извод од годишниот финансиски план*** по квартали, по сметки, по програми, потпрограми и ставки, во кој се содржани средствата наменети за одделните единки корисници.

Врз основа на изводот, единките корисници **изготвуваат свој финансиски план по квартали по сметки, по програми, потпрограми и ставки**, кои имаат обврска да го достават до надлежното министерство и до Министерството за финансии, **во рок од 25 дена** од денот на донесувањето на Буџетот.

Во текот на годината, буџетските корисници од централната власт, можат да достават барање за измена на годишниот финансиски план по квартали, за користењето на средствата по сметки, по програми, потпрограми и ставки, само доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото е потребно буџетските корисници од централната власт да достават образложение и ревидиран годишен финансиски план по квартали.

Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници, од централната власт, изготвуваат предлог на финансиски плн за даден квартал, по месеци, по сметки, по програми, потпрограми и ставки, кој го доставуваат до Трезорот при Министерството за финансии најдоцна пет дена пред почетокот на кварталот, за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Буџетските корисници од Централната власт, кои во својот состав имаат единки корисници, се должни до Трезорот

при Министерството за финансии, **да доставаат и збирен квартален план по месеци, по сметки, по програми, потпрограми и ставки, за своите единки корисници.**

Во текот на дадениот квартал, буџетските корисници од централната власт можат да доставаат барање за измена на кварталниот финансиски план по месеци, по сметки, по програми, потпрограми и ставки, во рамките на износите одобрени за дадениот квартал.

Прераспределбата на утврдените средства на посебните сметки, меѓу расходните ставки, програми и потпрограми во рамките на буџетот на буџетскиот корисник, се врши со претходна согласност на министерот за финансии.

### *5. ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ ОБВРСКИ НА БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИ*

Согласно член 58 од ЗИБ, буџетските корисници водат евиденција и вршат пријавување на преземени повеќегодишни обврски (**ПО 1 Образец**) и преземени обврски за тековната година (**О1 Образец**).

Начинот на постапување при пријавување на преземените повеќегодишни обврски (**ПО-1 Образец**) и преземени обврски за тековната година (**О1-Образец**), како и водење евиденција на обврските ги пропишува министерот за финансии.

### *6. ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИ ОД СМЕТКИТЕ НА БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ, ПО ОСНОВ НА ПРАВОСИЛНА НАПЛАТА*

Согласно член 59 од ЗИБ, средствата за исплата по налози за извршување (***решенија за присилна наплата и налози за извршување доставени до Народна банка на Република Македонија***) се извршуваат од ставката **465 - Исплата по извршени исправи.**

За извршување на налозите за извршување, Министерството за финансии по автоматизам врши пренамена на ставката **465 - Исплата по извршени исправи,** во висина на потребниот износ од другите ставки каде што има расположливи средства во рамки на буџетот на буџетскиот корисник, освен од ставките за исплата на плати и надоместоци, независно од основот на извршена исправа.

# ТРГОВИЈА

м-р Магдица Костадинова

## НАПЛАТА НА БИОРАЗГРАДЛИВИ КЕСИ ЗА НОСЕЊЕ СТОКИ

***Целта на Законот за управување со пакување и отпад од пакување објавен во („Службен весник на РСМ" 215/21,) е да се заштити животната средина, со тоа што корисниците да не употребуваат кеси за еднократна употреба, а воедно да се стимулира употребата на торби за повеќекратна употреба.***

### *ВОВЕД*

Со Законот за управување со пакување и отпад од пакување, се уредуваат барањата за заштита на животната средина и здравјето на луѓето кои треба да ги исполнува пакувањето при производство, пуштање на пазар и постапувањето со отпадот од пакување што ги опфаќа обврските на економските оператори и другите субјекти, кои учествуваат во процесот на производство и пуштање на пазар на пакувањето, барањата за собирање, повторна употреба, преработка, рециклирање и отстранување, како и други услови за постапување со отпадот од пакување, известувањето и економските инструменти за постигнување на целите за собирање, преработка и рециклирање на отпадот од пакување.

Основна цел на Законот, е намалување на негативното влијание на пакувањето и на отпадот од пакување врз животната средина и врз здравјето на луѓето и унапредување на стандардите за заштита на животната средина од страна на економските оператори во текот на животниот циклус на пакувањето, а особе-

но при третманот, повторната употреба, преработката и отстранувањето на отпадот од пакување.

Правилникот за стандардите за биоразградливост кои треба да ги исполнуваат кесите за носење на стоки, начинот на пуштање на пазар на биоразградливи кеси од страна на трговците, како и формата и содржината на образецот за водење на евиденција се применува од 01.12.2021 година и истиот во прилог го содржи и **Образецот за бројот на продадени кеси за носење на продажно место,** која ја водат трговците, кој секој 15 – ти во месецот, по завршување на кварталот, се доставува до Министерството за екологија.

Кесите за носење на стоки за да се пуштат на пазар, треба да содржат текст, кој ги информира потрошувачите дека кесата е биоразградлива (самодекларативно тврдење на производителот за заштита на животната средина, согласно стандардот МКС EN ISO 14021).

Непечатените кеси за носење на стоки, се пуштаат на пазар на начин што текстот кој ги информира потрошувачите дека кесата е биоразградлива, се испишува на примарното пакување од истите.

Трговците, на видно место во своите простории, **треба да истакнат известување,** дека кесите кои се ставаат во употреба, се биоразградливи кеси, произведени соодветно пропишаните стандарди за биоразградливост.

## *1. ПУШТАЊЕ НА ПАЗАР НА КЕСИ ЗА НОСЕЊЕ НА СТОКИ И ПЛАСТИЧНО ПАКУВАЊЕ ЗА ЕДНОКРАТНА УПОТРЕБА*

Согласно член 10 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување, **од 1 Декември 2021 година** е воведена **забрана за пуштање на пластични кеси за носење на стоки на пазарот** во РС Македонија.

**Се забранува пуштање на пластично пакување за еднократна употреба во угостителските објекти** на територијата на заштитните подрачја во РС Македонија.

**По исклучок, со плаќање на надоместок од страна на корисници, дозволено е пуштање на пазарот** во РС Македонија, **био разградливи кеси** за носење на стоки, кои се произведени согласно пропишаните стандарди за био разградливост, ***освен*** **многу лесните пластични кеси за носење на стоки (чија што дебелина е пониска од 15 микрони)**.

**Надоместокот** кој треба да го плаќаат крајните корисници **за био разградливите кеси** за носење на стоки **изнесува 15 денари за парче** и истиот се плаќа на трговецот на местото на продажба (надоместокот е **со вклучен ДДВ**).

Производителите на пластични кеси и понатаму можат да продолжат со работа, но со почитување на пропишаниот стандард за биоразградливост.

Министерот за животна средина и просторно планирање донесе **нов Правилник** за стандардите за био разградливост, кои треба да ги исполнуваат кесите за носење на стоки, начинот на пуштање на пазар на биоразградливи кеси од страна на трговците, како и формата и содржината на образецот за водење на евиденција објавен во "Служ-бен весник на РСМ", 265/21.

**Правилникот се применува од 1 Декември 2021 година.**

**1.1. Кеси за носење на стоки ЗА КОИ СЕ ВОДИ ЕВИДЕНЦИЈА И СЕ ПЛАЌА НАДОМЕСТОК ОД КРАЈНИОТ КОРИСНИК ОД 15 ДЕНАРИ ЗА ЕДНА КЕСА СО ВКЛУЧЕН ДДВ, се кеси над 15 микрони наменети за носење на производи и стоки за лична потрошувачка** кои се набавуваат во: ***продавници, магацини, складови, деловни простори; зелени пазари и посебни пазари, каде што се врши трговија на мало.***

**1.2. Кеси за носење на стоки ЗА КОИ НЕМА ОБВРСКА ДА СЕ ВОДИ ЕВИДЕНЦИЈА И НЕМА ОБВРСКА ДА СЕ ПЛАТИ НАДОМЕСТ НА НАДЛЕЖНИОТ ОРГАН ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА,** се кесите кои не се предмет на **секојдневна општа побарувачка**, како што се кесите за***: носење текстил, книги, канцелариски материјал, техничка стока, лекови и помошни медицински производи, садови за домаќинство, сите видови на обувки, детски играчки, спортска опрема и слична стока.***

**Кесите за носење на стоки, можат да бидат печатени и непечатени.**

**1.3. Правни и физички лица** кои во синџирот на снабдување ги прават производите достапни на крајниот корисник во продавници, магацини, складови, деловни простори, зелени пазари и посебни пазари каде се врши трговија на мало, кои ставаат во употреба био разградливи кеси.

**Кесите** за носење на стоки за да се пуштат на пазар, **треба да содржат текст** кој ги информира потрошувачите **дека кесата е биоразградлива**.

**Трговците треба на видно место во своите простории да истакнат известување** дека кесите кои се ставаат во употреба се биоразградливи кеси произведени соодветно пропишаните стандарди за биоразградливост.

Во прилог на Правилникот е пропишан образец за Евиденцијата за бројот на продадени кеси на продажно место.

**Трговците, Образецот за Евиденцијата што се води за бројот на продадени кеси за носење, до надлежниот води го доставуваат секој 15-ти во месецот, по завршување на кварталот.**

**ТРГОВЦИТЕ СЕ ДОЛЖНИ:**

- **На 30 Ноември да направат попис за непродадените биоразградливи кеси** за кои имаат обврска да водат евиденција за продадени кеси по продажна цена од 15 денари за парче **(со вклучен ДДВ);**
- **Надоместокот** за продаденит кеси (12,71 денари за една продаден кеса) **на квартална основа да го уплатат на посебна сметка** отворена за таа намена на органот за животна средина и да го уплатат данокот на додадена вредност содржан во продажната вредност **(2,29 денари за една продадена кеса**) за соодветниот даночен период.

## *2. КОИ ТРГОВЦИ НАПЛАТУВААТ НАДОМЕСТОК ОД 15 ДЕНАРИ, ЗА КЕСИ ЗА НОСЕЊЕ*

Основното прашање кое го содржи Правилникот е кој и како има обврска да наплатува, 15 денари за кеси, а кој не треба да наплатува, а сепак ќе пушта кеси за носење на продукти на пазарот на територијата на државата?

Пластични кеси за кои се наплатува надоместок од 15 денари, се задолжителните биоразградливи кеси, што секојдневно се даваат на каса.

Местото на продажба при купување во: минимаркети, супермаркети, гранапи, пиљарници, мали продавници за секојдневни намирници односно прехранбени или било какви други стоки, во пекарниците, киосците за весници, списанија и цигари, киосците за брза храна, зелените пазари и бензинските станици со минимаркети, се опфатените со Правилникот за пуштење во употреба кеси за носење.

**Наведените не смееат да ги користат кесите, без да ги продаваат по 15 денари за кеса, на местото на продажба.**

### *2.1. Кои се биоразградливите кеси, кои се продаваат по 15 денари?*

Тоа се биоразградливи кеси, кои го исполнуваат македонскиот стандард МКС 1009 и истиот ќе се применува до 01 Јуни 2023 година.

Биоразградливите кеси, се во употреба во Македонија, уште од 2013 година и се задолжителни за употреба во продажбата.

После 01 Јуни 2023 година и биоразградливите кеси, ќе бидат ставени вон употреба, односно за пуштање на пазарот, затоа што после 01 Јуни 2023 година, ќе бидат дозволени за пуштање во оптек, кеси кои целосно ќе може да се разградуваат, согласно стандардот МКС EN ISO 17556/2020.

### *2.2. Многу лесните кеси за носење на стока, се целосно забранети од употреба. Кои се тие многу лесни кеси?*

Кесите со дебелина под 15 микрони и кои беа наменети за користење за пакување и размерување на овошје и зеленчук, оние во кои се пакуваше пред да дојде потрошувачот на касата за наплата на производот, во делот на пиљарите и во големите супермаркети, се целосно забранети.

### *3. КОИ ТРГОВЦИ МОЖЕ ДА ДАВААТ КЕСИ НА ПАЗАРОТ, БЕЗ ДА СЕ ПЛАЌА ЗА НИВ НАДОМЕСТОК ОД 15 ДЕНАРИ, ОДНОСНО НА КОИ ТРГОВЦИ НЕ СЕ ОДНЕСУВА НАДОМЕСТОКОТ ОД 15 ДЕНАРИ?*

Кесите, кои се даваат на потрошувачите на каса, во продавници, каде што се продаваат стоки, кои не се за секојдневна општа употреба, го исполнуваат условот за бесплатно издавање.

Пример кеси за книги, облека, обувки, алат, електрична и електронска опрема, продавници за покуќнина, занаетчиски дуќани, сувенири, уметнички галерии, козметички производи и добра од аптеки и земјоделски аптеки. Тоа се обично подебели кеси од 50 микрони.

Продавниците што продаваат опрема за пчели и мед, но да не бидат во рамките на малопродажба на прехрана на мало. Значи сите продавници што не се предмет на секојдневна потрошувачка, може да употребуваат кеси, само подебели и над 50 микрони, кои може да се употребуваат повеќекратно и тие задолжително треба да бидат фрлани и одложувани по употребата, во контејнерите за пластика.

Ваквите кеси, може да се рециклираат и од тој материјал, повторно може да се направи нова кеса.

Кесите за смет, бидејќи не се назначени како кеси за носење на предмети, не се опфатени со **мерките на Правилникот** и Законот, така да тие остануваат во употреба за фрлање на смет, во било која боја и микронажа, за да бидат пласирани во контејнерите, заедно со соодветниот вид на смет.

Идејата, согласно Законот и Правилникот, е со овие почетни мерки, да се опфатат субјектите што тргуваат со стока за секојдневна широка употреба, за понатака да почне да се применува и на останатите места на продажба.

### *4. ОДРЕДБИ ОД ПРАВИЛНИКОТ*

Правилникот е донесен согласно член 10 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (“Службен весник на РС Македонија” 215/2021) и согласно истиот:

– **Се забранува пуштање на пластични кеси за носење на стоки на пазарот во Република Северна Македонија.**

**– Се забранува пуштање на пластично пакување за еднократна употреба, во угостителските објекти на територијата на заштитените подрачја во Република Северна Македонија.**

**– По исклучок, со плаќање на надоместок од страна на крајните корисници, дозволено е пуштање на пазарот во Република Северна Македонија биоразградливи кеси за носење на стоки, кои се произведени согласно пропишаните стандарди за биоразградливост, освен многу лесните пластични кеси за носење на стоки (чијшто дебелина е пониска од 15 микрони).**

**– Надоместокот кој треба да го плаќаат крајните корисници за биоразградливите кеси за носење на стоки изнесува 15 денари за парче и истиот се плаќа на трговецот на местото на продажба**

**Надоместокот од 15 денари за биоразградливите кеси е со вклучен ДДВ.**

Надоместокот кој ќе се уплатува за биоразградливите кеси, го содржи и пресметаниот ДДВ по парче, во висина од 2,29 МКД, кој данок на додадена вредност треба да се уплати на буџетската сметка во буџетот на РМ.

Надоместокот намален за содржаниот ДДВ, се уплатува на сметката на Министерството за екологија.

Мистеријата во поглед на набавната вредност на биоразградливите кеси, не ја реши ниту Правилникот, кој надоместок, кој ќе го плати купувачот во продажната цена од 15,00 МКД, нема да се исплатува на добавувачот.

Согласно Законот, трошокот на набавната вредност, останува на товар на продавачот, со што вредноста на кесата не е 15,00 МКД, туку 15,00 + набавната вредност на кесата.

Целта на Законот е да ги одврати корисниците од употреба на кеси за еднократна употреба и да ја стимулира употребата на торби за повеќекратна употреба, а засновано врз принципот „загадувачот плаќа“.

Производителите на пластични кеси и понатаму можат да продолжат со работа, но со почитување на пропишаниот стандард за биоразградливост.

Стандардите за биоразградливост, беа воведени уште со претходниот Закон, а пропишани во 2013 година.

Со правилникот се пропишуваат стандардите за биоразградливост, кои треба да ги исполнуваат кесите за носење на стоки, начинот на пуштање на пазар на биоразградливи кеси од страна на трговците, како и формата и содржината на образецот за водење на евиденција од страна на трговецот.

Поимите употребени во правилникот, го имаат следното значење:

1. **„Кеси за носење на стоки“,** се кеси над 15 микрони наменети за носење на производи и стоки за лична потрошувачка кои се набавуваат во продавници, магацини, складови, деловни простори, зелени пазари и посебни пазари каде што се врши трговија на мало, освен кесите кои не се предмет на секојдневна општа побарувачка, како што се кесите за носење текстил, книги, канцелариски материјал, техничка стока, лекови и помошни медицински производи, садови за домаќинство, сите видови на обувки, детски играчки, спортска опрема и слична стока.

Кесите за носење на стоки можат да бидат печатени и непечатени.

2. **„Трговци“,** се правни и физички лица кои во синџирот на снабдување ги прават производите достапни на крајниот корисник во продавници, магацини, складови, деловни простори, зелени пазари и посебни пазари каде се врши трговија на мало, кои ставаат во употреба биоразградливи кеси.

- Кесите за носење на стоки кои се пуштаат на пазарот треба да ги исполнуваат следните **стандарди**:
- МКС EN ISO 17556: 2020 Пластика - Определување на крајно аеробно биораспаѓање на пластични материјали во почвата со мерење на потрошувачка на кислород во респирометар или количината на ослободен јаглерод диоксид (ISO 17556:2019) или
- МКС 1009 Методи за оцена на оксо – биоразградливост на пластика и фито - токсичност на остатокот од контролирани лабораториски услови, или друг соодветен меѓународно признат стандард.

- Во поглед на еколошката токсичност кесите за носење на стоки кои се пуштаат на пазар треба да го исполнат стандардот МКС EN 13432:2007/AC:2011 Пакување - Барање за обнова на пакувањето преку компостирање и биодеградација - Шеми за тестирање и критериуми за оцена за крајно прифаќање на пакувањето, или друг соодветен меѓународно признат стандард.

Меѓународно признатите стандарди кои се соодветни на стандардот, се објавени на веб страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Кесите за носење на стоки за да се пуштат на пазар треба да содржат текст кој ги информира потрошувачите дека кесата е биоразградлива (самодекларативно тврдење на производителот за заштита на животната средина, согласно стандардот МКС EN ISO 14021).

Непечатените кеси за носење на стоки се пуштаат на пазар на начин што текстот кој ги информира потрошувачите дека кесата е биоразградлива се испишува на примарното пакување од истите.

Трговците треба на видно место во своите простории да истакнат известување дека кесите кои се ставаат во употреба се биоразградливи кеси, произведени соодветно пропишаните стандарди за биоразградливост.

Евиденцијата за бројот на продадени кеси за носење на продажно место која ја водат трговците, секој 15 – ти во месецот по завршување на кварталот се доставува на образец чија форма и содржина се дадени во Прилог, кој е составен дел на правилникот.

### *5. УПЛАТА НА НАДОМЕСТОК ЗА ПРОДАДЕНИ КЕСИ*

Согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување од 1 декември 2021 година е предвиден надоместок за биоразградливите кеси за транспорт на стоки, кој што од страна на трговците треба да се прибира и уплаќа на квартална основа, за што е отворена посебна приходна сметка.

За месец декември, со кој започна примената на Законот, а кој е последниот месец од претходниот квартал, Извештајот за евиденцијата и уплатата на надоместоците треба да се достават до Министерството за животна средина и просторно планирање **до 15 јануари 2022 година.**

Надоместокот кој што се наплаќа, е со вредност од 15 денари.

Надоместокот кој трговецот треба да го уплати на сметка на Министерството за животна средина и просторно планирање е без вредноста која останува по пресметката на ДДВ што се уплаќа, согласно Законот за данокот на додадена вредност.

**ПОДАТОЦИ ЗА СМЕТКАТА:**

**Надоместок за биоразградливи кеси за транспорт на стока:**
**Назив на примачот – Буџет на РСМ;**
**Банка на примачот – Народна банка на РСМ;**
**Сметка – единствена трезорска сметка 100000000063095;**
**Сметка на буџетски корисник – единка корисник – 121011520263110;**
**Приходна шифра и програма – 718159 26.**

### *6. ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА БРОЈОТ НА ПРОДАДЕНИ КЕСИ НА ПРОДАЖНОТО МЕСТО*

Евидентниот лист за продадени биоразградливи кеси кој исто така треба да се доставува квартално, а најдоцна до 15 наредниот месец, е пропишан согласно Правилникот за стандардите за био-разградливост, кои треба да ги исполнуваат кесите за носење на стоки, начинот на пуштање на пазар на биоразградливи кеси од страна на трговците, како и формата и содржината на образецот за водење на евиденција **(“Службен весник на РС Македонија” 265/2021 од 30 ноември 2021 год**.)

Евидентниот лист, со копија на уплатницата за уплатени надоместоци, пратете ги по пошта или доставете ги лично до Архивата на МЖСПП на адреса:

**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Сектор отпад**
**Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3**
**1000 Скопје**

<u>ПРИЛОГ: word документ за евиденција на продадени кеси</u>

**Прилог**

Евиденција за бројот на продадени кеси на продажното место

| **Податоци за трговецот** | **Квартал:**<br>Од ________ до __________ година |
|---|---|
| Назив/Име на субјектот: | |
| Адреса:<br><br>Лице за контакт: | |
| Телефон: | |
| Email адреса: | |
| ЕДБ/ЕМБГ: | |
| **Податоци за кесите** | |
| **Вид на пластична кеса** | **Вкупно продадени (парчиња)** |
| Пластични кеси со дебелина микрони ≥ 15 < 50 микрони | |
| Пластични кеси со дебелина ≥ 50 микрони | |
| Стандард кој го исполнуваат | |
| Податоци за уплатен надоместок во денари | __________ денари |
| Дата на доставување на извештајот: ____________год. | Име и презиме ________________<br><br>Потпис на одговорното лице<br>____________________ |

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

М-р. Христина Игнатоска

## НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНА ГЛАВНИНА НА ДРУШТВО (ДОО, ДООЕЛ И АД) СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

***Намалувањето на основната главнина на трговските друштва се уредува со Законот за трговски друштва ("Службен весник на РМ" 28/04....215/21). Според Законот, при намалување на основната главнина кај друштвата со ограничена одговорност (ДОО, ДООЕЛ), треба да се внимава износот на основната главнина да не се намали под 5.000 ЕВРА во денарска противвредност.***

### *ВОВЕД*

Според Законот за трговски друштва (во натамошниот текст ЗТД), основната главнина на друштвото може да се намали само со одлука на содружниците за намалување на основната главнина којашто има карактер на одлука за измена на договорот за друштвото. Во одлуката се определува обемот и целта на намалувањето на основната главнина, како и начинот на којшто ќе се спроведе тоа намалување.

За намалување на основната главнина се смета секое намалување на износот на основната главнина, определен во Актот за основање на друштвото ( Договор за основање, изјава за основање), независно од тоа дали намалувањето се спро-

ведува со враќање на влоговите на содружниците, намалување на номиналните износи на влоговите или потполно, односно делумно ослободување на содружниците на друштвото или на нивните правни претходници од обврската, целосно да ги уплатат влоговите.

Основната главнина на Акционерско друштво може да се намали со:

- ✓ *намалување на номиналниот износ на еден или на повеќе родови и на класи акции;*
- ✓ *спојување на еден или на повеќе родови акции, со тоа што најмалиот номинален износ на споената акција не може да биде помал од 1 ЕВРО и*
- ✓ *повлекување на сопствени и на други акции, ако со повлекувањето се врши намалување на основната главнина.*

## *1. НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА КАЈ ДРУШТВА СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ*

Во одлуката на содружниците за намалување на основната главнина се определува обемот и целта на намалувањето на основната главнина, како и начинот на којшто ќе се спроведе тоа намалување.

За намалување на основната главнина се смета секое намалување на износот на основната главнина, определен во Актот за основање на друштвото (Договор за основање, изјава за основање), независно од тоа дали намалувањето се спроведува со враќање на влоговите на содружниците, намалување на номиналните износи на влоговите или потполно, односно делумно ослободување на содружниците на друштвото или на нивните правни претходници од обврската целосно да ги уплатат влоговите.

При намалување на основната главнина треба да се внимава износот на основната главнина да *не се намали под 5.000 ЕВРА* во денарска противвредност. Ако намалувањето на основната главнина се спроведува со враќање на платените влогови или со ослободување на содружниците од обврската за целосна уплата на влоговите, износот на другите влогови што остануваат во друштвото не смее да се намали под 2.500 ЕВРА

во денарска противвредност, со тоа што, истовремено, се донесува одлука за зголемување на основната главнина, најмалку до 5.000 ЕВРА во денарска противвредност.

### *1.1. Упис и објавување на намерата за намалување на основната главнина*

Управителот поднесува пријава за упис во трговскиот регистар на одлуката за намерата за намалување на основната главнина.

Управителот веднаш по уписот на одлуката за намерата за намалување на основната главнина во трговскиот регистар, објавува оглас за намерата за намалување на основната главнина во ,,Службен весник на РСМ". Во огласот друштвото објавува дека е согласно на доверителите, врз основа на нивно барање, да им ги исплати побарувањата или да им даде обезбедување. Ако, по истекот на 90 дена од денот на објавувањето на огласот, не биде поднесено барање за исплата на побарување, се смета дека сите доверители се согласни со намерата за намалување на основната главнина.

На познатите доверители им се доставува писмено известување.

### *1.2. Упис на намалувањето на основната главнина*

Пријавата за упис на одлуката за намалување на основната главнина се поднесува заради упис во трговскиот регистар по истекот на рокот што им е даден на доверителите за пријавување на своите побарувања.

Кон пријавата се приложуваат:

- ✓ *копија од огласот со којшто е известено за намерата за намалување на основната главнина, објавен во ,,Службен весник на РСМ";*
- ✓ *доказ дека друштвото на доверителите кои им се пријавиле им дало обезбедување дека пријавените побарувања ќе бидат намирени;*

- ✓ *изјава на управителот дека на сите познати доверители им е доставено известувањето за намерата за намалување на основната главнина, а дека на друштвото не му се јавиле други доверители освен оние на кои друштвото им ги намирило побарувањата или им дало обезбедување дека пријавените побарувања ќе им бидат намирени и*
- ✓ *препис од книгата на уделите.*

Ако доказот што е поднесен за тоа дека друштвото ги намирило побарувањата на доверителите или дека им дало обезбедување дека пријавените побарувања ќе им бидат намирени не е вистинит, управителот им одговара лично и неограничено со сиот свој имот за штетата што ќе им ја предизвика на оние доверители на кои им дал невистинити податоци, но само за износот што не можел да им се намири од имотот на друштвото.

Не одговара за штетата, управител кој ќе докаже дека не знаел дека доказите и изјавите што ги давал се невистинити.

### *1.3. Исплата на содружниците и ослободување од обврски*

Исплатите на содружниците врз основа на намалувањето на основната главнина се допуштени, откако ќе се изврши упис на одлуката за измена на договорот за друштвото во трговскиот регистар.

Со денот на уписот на одлуката за намалување на основната главнина во трговскиот регистар, станува полноважно ослободувањето од обврската за уплатување на преостанатите неуплатени влогови за извршеното намалување на основната главнина.

## *2. НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА КАЈ АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА*

Основната главнина кај АД, може да биде намалена со:

- ✓ *намалување на номиналниот износ на еден или на повеќе родови и на класи акции;*

- ✓ *спојување на еден или на повеќе родови акции, со тоа што најмалиот номинален износ на споената акција не може да биде помал од 1 ЕВРО и*
- ✓ *повлекување на сопствени и на други акции, ако со повлекувањето се врши намалување на основната главнина.*

По намалувањето на номиналниот износ и бројот на акциите, односно по повлекувањето на сопствените и на други акции, ако со повлекувањето се врши намалување на основната главнина и по уписот и по објавувањето на уписот на намалувањето на основната главнина во трговскиот регистар, акциите се поништуваат.

Основната главнина не може да се намали повеќе од најмалиот номинален износ определен со ЗТД за основната главнина (*член 443 ст.3).*

Ако друштвото ја намали основната главнина, спротивно на одредбата од ставот (3) од член 443 од ЗТД, одлуката за намалување на основната главнина е ништовна, освен ако заедно со одлуката за намалување на основната главнина не биде донесена и одлука за зголемување на основната главнина најмалку до најмалиот износ определен за основната главнина со ЗТД.

### *2.1. Редовно намалување на основната главнина*

Намалувањето на основна главнина се врши со одлука за намалување на основната главнина, што ја донесува собранието со мнозинство гласови, коешто не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас претставени на собранието, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство.

Ако постојат повеќе родови акции, за полноважноста на одлуката е потребна согласност на акционерите од секој род акции, со мнозинство коешто не може да биде помало од мнозинството утврдено во ЗТД. За давањето согласност, акционерите од секој род акции, донесуваат посебна одлука за согласност.

*2.2. Одлука за намалување на основна главнина*

Со одлуката за намалување на основната главнина се определуваат износот, целта, како и начинот за спроведување на намалувањето на основната главнина. Ако намалувањето на основната главнина се врши со цел да им биде вратен дел од намалената основна главнина на акционерите, тоа мора посебно да се наведе во одлуката.

Во поканата со којашто се свикува собранието на коешто се одлучува за намалувањето на основната главнина се наведуваат причината, целта и начинот на кој ќе се изврши намалувањето на основната главнина.

На одлуката за намалување на основната главнина, се врши предбележба во трговскиот регистар. За предбележбата се поднесува пријава за упис.

Кон пријавата за упис се приложуваат:

- ✓ *одлуката на собранието за намалување на основната главнина и*
- ✓ *изводот од записникот од седницата на собранието на којашто е донесена одлуката за намалување на основната главнина, заверен од нотар.*

Претседателот на одборот на директори, односно претседателот на управниот одбор, наредниот работен ден по уписот на предбележбата на одлуката за намалувањето на основната главнина во трговскиот регистар, ја објавува намерата за намалување на основната главнина во „Службен весник на Република Македонија“ и најмалку во еден дневен весник. Во огласот друштвото објавува дека е согласно на секој доверител кој ќе поднесе барање да му исплати пристигнато побарување или да му даде обезбедување за побарувањето. Ако по истекот на 90 дена од денот на објавувањето на огласот не биде поднесено барање за исплата на побарување, се смета дека сите доверители се согласни со одлуката за намалување на основната главнина.

Познатите доверителите чиишто побарувања надминуваат 10.000 ЕВРА во денарска противвредност, се известуваат по писмен пат, поединечно, во местото на живеење, односно седиштето на доверителот запишани во трговскиот регистар.

Според член 445 од ЗТД, друштвото мора, за побарување настанато пред уписот на одлуката за намалување на основната главнина на друштвото во трговскиот регистар, да му даде на секој доверител соодветно обезбедување, ако:

- ✓ *доверителот пријавил побарување настанато пред донесувањето на одлуката за намалување на основната главнина, без разлика на тоа дали побарувањето е пристигнато, во рок од 90 дена од денот на објавувањето на огласот за намерата за намалување на основната главнина;*
- ✓ *доверителот, со пријавувањето на побарувањето што не е достасано, побарал негово обезбедување и*
- ✓ *има доволно причини да се смета дека намалувањето на основната главнина ќе ја намали способноста на друштвото, да го намири побарувањето на доверителот.*

Доверител кој има право на првенствено намирување од стечајната маса надолжникот, односно кој има остварено обезбедување, нема право да бара ново обезбедување, поради намалување на основната главнина.

Ако намалувањето на основната главнина на друштвото е извршено спротивно на ставовите (1) и (2) од член 445, одлуката за намалување на основната главнина е ништовна.

### 2.4. Спојување акции

Ако намалувањето на основната главнина се врши со намалување на номиналниот износ на акциите или со спојувањето на еден или на повеќе родови и класи акции, со намалувањето на нивниот номинален износ, на акционерите им се издаваат нови акции со нов номинален износ, сразмерно на тоа колку нивните акции учествувале во основната главнина пред намалувањето на основната главнина. Новите акции се од ист род и класа како и акциите за коишто се заменети.

Одборот на директори, односно управниот одбор доставува до Централниот депозитар за хартии од вредност барање да се извршат во акционерската книга на друштвото измени, соодветни на извршеното намалување на основната главнина, така

што да се запише новиот номинален износ на акциите или намалувањето на бројот на акциите, заради спојување или повлекување на акции.

Пред да биде извршено издавање нови акции заради извршеното намалување на номиналниот износ на акциите или заради спојувањето на акциите, не смее да се издаваат нови акции.

### *2.5. Исплати на акционерите*

На акционерите може да им биде исплатен дел од намалената основна главнина дури по намирувањето на побарувањата на доверителите или по давањето обезбедување на нивните побарувања, во согласност со овој пододдел.

Исплатите можат да се вршат ако е извршено намалувањето на основната главнина и ако е извршен уписот на извршеното намалување во трговскиот регистар. Акционерите не можат да бидат ослободени од обврската да ги уплатат недоплатените уплати за акциите, односно ако не го уплатиле влогот за којшто зеле обврска да го уплатат се додека не ги намират побарувањата на доверителите кои се пријавиле, односно ако друштвото не даде соодветно обезбедување за нивните побарувања.

Ако е поднесена тужба за поништување на одлуката за намалување на основната главнина, исплатите не можат да се вршат, односно ослободувањето од натамошна уплата на акциите не настапува пред правосилноста на одлуката на судот.

### *2.6. Исплата на дивиденда*

Друштвото не може да исплатува дивиденда поголема од 4% од основната главнина на друштвото, пред истекот на две години, од годината во којашто е донесена одлуката за намалување на основната главнина.

Ова ограничување не се однесува на друштвата коишто до уписот на одлуката за намалувањето на основната главнина во трговскиот регистар ги намириле побарувањата на доверителите или дале соодветни обезбедувања за нивните побарувања.

Друштвото коешто има намера да исплати дивиденда мора да го објави годишниот финансиски извештај. Во објавата треба да ги извести доверителите за намерата да изврши исплата на дивиденда и за нивното право да бараат намирување на своите побарувања или да бараат да им се даде за тоа соодветно обезбедување. Обезбедување не можат да бараат доверителите кои имаат првенствено право на намирување на побарувањата во случај на стечај.

### *3. ПОЕДНОСТАВЕНО НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА*

Законот за трговски друштва, предвидува можност за поедноставно намалување на основната главнина.

Поедноставено намалување на основната главнина може да се врши само заради израмнување на номиналниот износ на основната главнина со пониskiот номинален износ на основната главнина, што ќе настане како последица од покривањето на загубата на друштвото на товар на основната главнина. Ако намалувањето на основната главнина се врши на поедноставен начин, не се применуваат одредбите од членовите 445 и 447 на ЗТД.

Поедноставеното намалување на основната главнина, се врши со одлука за намалување на основната главнина. Во одлуката за намалување на основната главнина, мора да се наведе дека целта за намалувањето на основната главнина е покривање на загубата и дополнување на законските резерви.

Основната главнина може да биде намалена на поедноставен начин, само откако ќе биде потрошена нераспределената добивка и резервите на друштвото.

Износот добиен со намалување на основната главнина не смее да им се исплатува на акционерите и не смее да се користи за тоа акционерите да се ослободуваат од натамошните уплати на влогот, врз основа на којшто ги презеле акциите.

## *4. НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА СО ПОВЛЕКУВАЊЕ АКЦИИ*

Намалувањето на основна главнина со повлекување акции, може да се врши само ако тоа со закон и со статутот е изречно дозволено.

Повлекувањето на акциите се врши според одредбите од ЗТД со коишто се врши редовно намалување на основната главнина *(член 450 ст.2).*

Собранието, во одлуката за намалување на основната главнина ги определува начинот на којшто ќе се спроведе повлекувањето на акциите, рокот, како и подробностите како тоа треба да се спроведе.

За исплата на надоместокот, на акционерите којшто им припаѓа во случај на присилно повлекување акции или кога акциите се стекнуваат за да бидат повлечени, како и за ослободување на акционерите од обврската за уплата на презамениот влог, на соодветен начин, се применуваат одредбите од членот 445 на ЗТД.

Не се постапува според член 450 ст.2 од ЗТД, ако акциите за коишто во целост е уплатен номиналниот или поголемиот износ за којшто се издадени:

- ✓ бесплатно се дадени на располагање на друштвото и
- ✓ се повлечени на товар на добивката или на другите резерви, ако тие можат да се користат за тоа *(член 450 ст.5).*

Во наведените случаеви, во капиталната добивка се внесува износот којшто одговара на износот на основната главнина којшто отпаѓа на повлечените акции.

Тие средства, освен во случаите на намалување на основната главнина, не смеат да им се исплатуваат на акционерите.

Намалувањето на основната главнина, во согласност со член 450 ст.5 од ЗТД, се врши со одлука за намалување на основната главнина којашто собранието ја донесува со мнозинство од акциите со право на глас, претставени на собранието, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство или не се бара исполнување на други услови. Во одлуката се определува целта на намалувањето на основната главнина.

Ако присилното повлекување на акциите е определено во статутот, не е потребно собранието да донесува одлука за намалување на основната главнина со повлекување акции. Во тој случај, органот на управување е овластен да ја донесе одлуката за повлекување на акциите.

Одлуката за намалување на основната главнина со повлекување акции се запишува во трговскиот регистар.

## *5. УПИС НА ИЗВРШЕНО НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА*

Во рок од осум дена од денот по извршеното намалување на основната главнина, се поднесува пријава за упис во трговскиот регистар.

Основната главнина се намалува за вкупното намалување на номиналниот износ на еден или на повеќе родови акции, односно за вкупниот намален номинален износ на споените акции од еден или од повеќе родови акции или за вкупниот номинален износ на повлечените акции.

Основната главнина е намалена со уписот на одлуката за намалување на основната главнина во трговскиот регистар.

**Прилог:** *Пример за Одлука за намалување на основна главнина на АД со повлекување сопствени акции;*

Врз основа на членовите 443, 444, 445 и 450, на предлогот на Одборот на директори усвоен на седницата одржана на _____________ година и членот __ од Статутот на ___________ АД Скопје, Собранието акционери на Друштвото на седницата одржана на _____________ година усвои

### О Д Л У К А

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНА ГЛАВНИНА СО ПОВЛЕКУВАЊЕ СОПСТВЕНИ АКЦИИ

Член 1

Со оваа Одлука за намалување на основната главнина со повлекување на сопствени акции (во натамошниот текст: Одлука) се врши намалување на номиналниот износ на основната главнина сразмерно на повлечените сопствени обични акции во сопственост на ______________ АД Скопје (натамошниот текст: Друштво), стекнати согласно Законот и Статутот на ________АД Скопје.

Намалувањето на основната главнина се спроведува согласно членовите 443, 444, 445 и 450 од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото.

Член 2

Намалувањето на основната главнина се врши заради изедначување на правото на глас со бројот на акции коишто ја сочинуваат основната главнина на друштвото и вкупниот број на издадени обични акции.

Член 3

Основната главнина на Друштвото, запишана во трговскиот регистар во износ од _________________ денари се намалува за износот од _______________ денари.

Основната главнина се намалува со повлекување на ___________ сопствени обични акции на Друштвото со номинална вредност од _____ ЕУР по една акција.

Основната главнина на друштвото се намалува за номинален износ на повлечените сопствени акции, согласно ставот 2 од овој член.

Основната главнина на Друштвото по намалувањето изнесува __________________ денари поделена на _________ обични акции.

Член 4

Повлекувањето на сопствените акции, ќе се спроведе со поништување на повлечените акции согласно членот 2 од оваа Одлука.

Член 5

Со повлекување на сопствените акции, не се врши враќање на делот од намалената основна главнина на акционерите.

Член 6

По намалувањето на номиналниот износ на основната главнина со повлекување на сопствените акции, согласно член 2 од оваа Одлука и по уписот и по објавувањето на уписот на намалувањето на основната главнина во трговскиот регистар, повлечените акции се поништуваат.

Член 7

Се задолжува претседателот на одборот на директори да изврши предбележба на оваа Одлука во трговскиот регистар, со пријава за упис кон која се приложуваат оваа Одлука и изводот од записникот од седницата на собранието на којашто оваа Одлука е донесена, заверен од нотар.

Член 8

Се задолжува претседателот на Одборот на директори, наредниот работен ден по уписот на предбележбата на одлуката за намалувањето на основната главнина во трговскиот регистар да ја објави намерата за намалување на основната главнина во ,,Службен весник на РСМ" и најмалку во еден дневен весник. Во огласот друштвото треба да објави дека е согласно на секој доверител кој ќе поднесе барање да му исплати пристигнато побарување или да му даде обезбедување за побарувањето.

Се задолжува претседателот на одборот на директори во рокот определен во став 1 од овој член, да ги извести познатите доверители чиишто побарувања надминуваат 10.000 ЕВРА во денарска противвредност, по писмен пат, поединечно, во местото на живеење, односно седиштето на доверителот запишани во трговскиот регистар.

Член 9

Во рок од осум дена од денот по извршеното намалување на основната главнина, се задолжува Одборот на директори на Друштвото да поднесе пријава за упис на оваа Одлука во трговскиот регистар при ЦР на РСМ.

Основната главнина ќе се смета за намалена со уписот на оваа Одлука во трговскиот регистар.

Член 10

По извршеното намалување на основната главнина се задолжува Одборот на директори на друштвото да достави до Централниот депозитар за хартии од вредност барање да се извршат во акционерската книга измени, соодветни на извршеното намалување на основната главнина со оваа Одлука така што да се запише намалувањето на бројот на акциите заради повлечените сопствените акции.

Член 11

Оваа Одлука се смета за донесена ако собранието на друштвото ја усвои со мнозинство гласови коешто не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас претставени на собранието.

Член 12

Одлуката влегува во сила со денот на нејзино усвојување.

Собрание на акционери на __________ АД Скопје

Председавач

______________

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

дипл.економист Јулија Минковска

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ ЈАНУАРИ 2022 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2022 година (за даноци и придонеси)* | *43.509,00* |
| *НАЈНИСКА основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата, исплатена во РМ за 2022 година, за образец (МПИН)* | *21.755,00* |
| *НАЈВИСОКА основица за пресметка на придонеси (16 просечни бруто плати - (16 x 43.509)* | *696.144,00* |
| *Даночно МЕСЕЧНО намалување за 2022 година* | *8.788,00* |
| *Дневница за службени патувања од 21.01.2022* | *2.324,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2020 година* | *27.182,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2020 година* | *40.566,00* |

### *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА 2022 ГОДИНА*

Просечо исплатена месечна ***БРУТО*** плата по работник во РС Македонија, за *2022* година, изнесува:

| |
|---|
| ***43.509,00 денари.*** |

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата, кои се однесуваат за период ***ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2022 година.***

## *2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *2.1. Најниска основица за вработени лица*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08 ... 171/17; 35/18; 247/18), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување за тековната година, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во РС Македонија, ***објавена во Јануари во тековната година***, според податоците на ДЗС, **која за *2022* година, изнесува:**

***21.755,00 денари (43.509,00 х 50%).***

### *2.2. Најниска основица за самовработени лица*

| |
|---|
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на самостојна економска дејност (таксисти, занаетчии)*** <br> ***21.755,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА* – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (*адвокати, нотари, извршители)*** <br> ***43.509,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:*** <br> ***21.755,00 денари.*** |

## *3. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *3.1. Највисока основица за вработени лица*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати,*** кој износ ***за 2022 година***, изнесува:

***696.144,00 денари (16 х 43.509,00 денари).***

### *3.2. Највисока основица за самовработени лица*

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати.*

***522.108,00 денари (12 x 43.509,00 денари)***

### *3.3. Највисока основица за вработени лица за извршен член на одбор на директори, Член на управен одбор, односно управител во трговско друштво*

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати, кој **за 2022 година**, изнесува.

***696.144,00 денари (16 x 43.509,00 денари***

### *3.4. Највисока основица за лице корисник на паричен надоместок, за време на привремена невработеност*

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност, ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

***34.807,00 денари (43.509,00 денари x 80%).***

***НАПОМЕНА: На износот, повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, додека на разликата над највисоката основица се пресметува Данок на личн доход.***

## 4. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ

| ПРИДОНЕСИ | Стапка | Најнизок износ | Највисок износ |
|---|---|---|---|
| Придонес за пензиско и инвалидско осигурување за месец ***ЈАНУАРИ 2022 година***, по вработен | 18,8% | ***4.090,00*** | ***130.875,00*** |
| Придонес за здравствено осигурување за месец ***ЈАНУАРИ 2022 година***, по вработен | 7,5% | ***1.632,00*** | ***52.210,00*** |
| Придонес за вработување за месец ***ЈАНУАРИ 2022 година***, по вработен | 1,2% | ***261,00*** | ***8.354,00*** |
| Придонес за професионално заболување за месец ***ЈАНУАРИ 2022 година,*** по вработен. | 0,5% | ***109,00*** | ***3.48100*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | **28%** | ***6.092,00*** | ***194.920,00*** |

## 5. МИНИМАЛНА ПЛАТА

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 24/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 202/19; 239/19; 88/20), висината на минималната плата во Република Македонија:

| Р.бр | Период на важност | Нето | Бруто | Сл. Весник на РСМ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 01.01.2020 - 31.03.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 239/2019 Закон |
| 2. | 01.04.2020 – 30.06.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 88/2020 Уредба |
| 2. | 01.07.2020 - 31.03.2021 | 14.934,00 | 21.776,00 | 75/2020 Објава |
| 3. | 01.04.2021 - 31.03.2022 | 15.194,00 | 22.146,00 | 80/2021 Објава |

## 6. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД

### 6.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход (од 01.01.2022 до 31.12.2022 година)

Согласно член 11 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19; 290/20, 85/21), данокот на личен доход за доход од работа, се плаќа со примена на две даночни стапки согласно даночната основа и тоа:

- ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

### 6.2. Даночно намалување

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2022*** година, на месечно и годишно ниво, изнесува:

| Период | 2022 година |
|---|---|
| ***Месечно*** | ***8.788,00*** |
| ***Годишно*** | ***105.456,00 (8.788 x 12)*** |

## 7. ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15), Министерството за труд и социјална политика, објавува:

1.Трошоците за живот за месец ***НОЕМВРИ 2021*** година во однос на месец ***ОКТОМВРИ 2021*** година ***се ПОВИСОКИ за (0,7%).***

2. Право на пораст на платите за месец ***НОЕМВРИ 2021*** во однос на месец ***ОКТОМВРИ 2021*** *година*, изнесува ***(0,35%).***

## *8. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ*

Работните часови за месец ***ЈАНУАРИ 2022*** година, изнесуваат:

***168 часа.***

## *9. ПРОСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ЗА 2022 година*

***9.1. Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за месец (XI), а се однесува за месец ЈАНУАРИ/2022 година, изнесува:***

***43.509,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.22.08 од 21.01.2022).***

